## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Второто продолжение на Сто дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 февруари 2006 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,06 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Сто дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Кенан Хасипи, Каролина Ристова, Ванчо Ѓорѓиев, Зоран Крстевски, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Абдилаќим Адеми, Јусуф Арифи, Теута Арифи, Џезаир Шаќири, Мендух Тачи, Абдулади Вејсели, Љубе Бошковски, Никола Груевски и Петар Наумовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон за тутун и тутунските производи.

Претресот по амандманот на член 54 став 1 поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, 47 гласале, 13 за, 20 воздржани, 32 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 за менување на став 4 поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Владата не го прифаќа амандманот.

На претходната седница образлагавме многу пати.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Претходниот амандман беше за она што се образлагаше на претходната седница. Ова е во врска со водењето на евиденцијата од страна на Министерството за финансии. Јас сметам дека треба да се прифати.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, 51 гласале, 13 за, нема воздржани, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 4 поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска под архивски број 07-681/9.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Со оглед дека во еден од наредните амандмани има подобро решение, Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Не знам кое е тоа подобро решение. Затоа што и следниот мој амандман кој што беше поднесен пред Законодавно-правната комисија бидејќи двата амандмани се однесуваат на соодветни лаборатирии за тестирања. Едниот мој амандмна е идентичен со Законодавно-правната комисија, така што ни едниот не може да биде подобар на Законодавно-правната комисија. Може да кажеме само дека бил ист амандман. Но, со оглед на тоа што е редоследно пред моите амандмани и двата амандмани ги повлекувам, бидејќи она што го имам предложено е предложено исто од Законодавно-правната комисија. Овој амандман го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Значи, амандманот е повлечен.

Законодавно-правната комисија и пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска поднесоа амандмани на член 57 став 4 кои се идентични. По овие амандмани ќе водиме единствен претрес.

Отворам претрес по амандмнот на член 57 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија и по амандманот на член 57 став 4 поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска под архивски број 07-681/10.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

**Санде Џамбазовски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Би го замолил претставникот на Владата бидејќи сега има доста амандмани од Законодавно-правната комисија, ниту повереникот, ниту претставникот не беа присутни, па јас ќе морам да прашам, дали го прифаќате.

Дали следните амандмани од Законодавно-правната комисија се прифаќаат, или треба да одиме амандман по амандман, ако имате некој што не го прифаќате.

**Санде Џамбазовски:** Сите амандмани од Законодавно-правната комисија до реден број 51 се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Амандман на член 58 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 60 став 1 точка 2 и 5 и на став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 62 став 1 точка 2 и 4 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 63 став 1 точка 7 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 66 став 1 точка 6 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 67 за додавање нова реченица на став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 68 став 1 точка 9 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 69 став 1 за менување на точка 7 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 70 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 72 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Сега имаме една уфрлена страница. Во меѓувреме пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 21 став 1 за додавање две нови алинеи 5 и 6 по алинеја 4, за менување на називот на Глава 8 и за додавање три нови члена по членот 48 по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани како предлагач се приклучи и пратеникот Лилјана Ивановска.

Пратеникот Драган Ѓорѓиев поднесе амандман на член 71 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томе Тромбев поднесе амандмани на член 13 став 1 алинеја 3 и член 14 став 1 и на член 29 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Спиро Мавровски и Љупчо Балковски поднесеа амандмани на член 21 став 1 за додавање нова алинеја 5, член 27 став 2, член 29 за менување на став 1, член 7 став 2, член 12 за менување на став 6, член 40 за менување на став 4, член 57 став 1 и за додавање нов член 48-а по членот 48 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандмани за додавање нов член 2-а по членот 2, за додавање нов член 3-а по членот 3, а по членот 3 за додавање нов член 4, а по членот 4, член 6 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 18 за менување на став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман не се прифаќа поради следните причини. Сметам дека со донесување на закон за тутун целосно регулирање на производството, откупот, преработката и прометот на тутунот и тутунските производи и буџетска финансиска поддршка, сметаме дека е даден доволен третман на тутунот како стратешка култура. И затоа овој амандман со кој се бара тутунот да биде добро од општ интерес за Република Македонија, не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Жарко Караџоски:

**Жарко Караџоски:** Значи, овој амандман не нуди ништо ново од она што и досега го има во постојниот закон. Значи, во постојниот закон во членот 2 стои една ваква одредба каде што тутунот како вид на индустриско растение е добро од општ интерес за Република Македонија. Јас сметам дека ваквата одредба со ништо нема да го наруши концептот на овој закон, а е добро да стои за да се издвои тутунот како еден производ кој во секој случај е стратешки и дека е добро од општ интерес за Републиката, а задржувајќи како одредба во законот се потенцира она што навистина е тутунот. Сега не би сакал да одземам премногу време, меѓутоа знае и заменик министерот, знаат и пратениците колку се девизни средства Република Македонија прибира од извозот на тутун, од извозот на цигари, колку се семејства живеат од тутунот итн. И заради тоа оваа култура треба да има посебно место во законот за да се потенцира дека е тоа добро од општ интерес. Бришејќи ја одредбата која и досега постои во законот, дека тутунот е добро од општ интерес, добивам впечаток, а тоа и се гледа од законот, добивам впечаток дека државата, односно Република Македонија како да сака да се тргне од сите оние обврски што како република, односно држава ги има. Да се сведе тутунот како култура која што ќе биде од двостран интерес со

договор кој што ќе се склучува помеѓу производителите и откупувачите, а тука државата да има многу минимална улога. Од сите овие причини наведени се во образложението, не би сакал да ги читам, мислам и сметам дека ваквата одредба, ваквото решение треба да остане во законот. И заради тоа ги повикувам пратениците да го поддржат овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, 12 гласале за, 3 воздржани, 35 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а по членот 3 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Со оглед дека со овој амандман се бара тутунот да има заштитна цена. Со преземените обврски за членство во СТО јасно е кажано дека ние не можеме да пропишуваме заштитни цени на земјоделските производи.

Затоа овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Значи, секогаш кога има некое решение кое се предлага, а кое е во интерес на тутунопроизводителите, тогаш се повикуваме на нашите обврски кон Европската унија и нашите обврски кон европските фондови итн. Меѓутоа, мора да потенцирам што всушност се бара со овој амандман. Со овој амандман во Законот за тутун, Владата на Република Македонија ќе биде задолжена да определува заштитна цена на тутунот кој се откупува во тековната година. Исто така, се определува и висината на заштитната цена која што не може да биде пониска од висината утврдена во претходната година, значи од заштитната цена во претходната година.

Јас ќе образложам, Република Македонија како држава определувала заштитна цена на тутунот и таа заштитна цена изнесувала, онаа последна која што имавме прилика да ја имаме во увид, беше заштитна цена од 120 денари. Што тоа значи. Затоа сега оној амандман кој што претходно беше поднесен има логичка поврзаност и со овој. Ако Република Македонија определува како Влада заштитна цена, тогаш нема да ни се случува она што сега ни се случува на теренот, поточно со откупот на тутунот, нема да имаме понижувачки цени, или цената на тутунот да ја диктираат монополите или откупувачите на начин како што тоа сега се прави. Значи, дури и минатата година, па и оваа година во одредени региони цената достигнува некој износ кој што ниту од далеку не може да го покрие трудот на тутунопроизводителите, поточно не може да го покрие и она што го сработиле, а камоли да извадат некаков приход.

Почитувани колеги, оваа година сите бевте сведоци на протестите кои што ја потресуваа Република Македонија и кои што протести завршија пред Владата и со ветување на премиерот дека ќе се направи тоа што треба да се направи. Едно од главните барања на тутунопроизводителите беше токму цената на тутунот, откупната цена. Доаѓаа со аргументи и пред Владата и секаде пред оние институции каде што можеа да го искажат својот револт, доаѓаа со аргументи дека откупот се врши по крајно ниски цени далеку од оној квалитет. Се поставува прашањето, дали Република Македонија како држава треба да седи на страна за особено стратешка култура од која што има интерес и таа како држава, а камо ли 10% најмалку население во оваа држава, дали може да седи на страна и да ги остави производителите на тутун да се снаоѓаат сами во борбата со откупувачите. Па затоа ни се случуваше цената на тутунот да изнесува и 80 денари просек, па и подолу од 80 денари просек итн, а за сето тоа државата да има еден аргумент дека таа не може да интервенира, затоа што не постоело законско решение. Еве, сега законско решение со овој амандман се дава можност преку определување на заштитната цена Владата со своите инструменти на индиректен начин да влијае на откупувачите да не можат да го вршат откупот под таа заштитна цена.

Во овој амандман не е утврден износот на заштитна цена. Владата како и сите оние години претходно од 1999 наназад, значи сама ќе прави проценки според состојбите на пазарот и таа ќе ја утврдува заштитната цена која што според движењето на пазарот треба да биде некоја минимална цена која што треба да го вреднува трудот на тутунопроизводителите. Со таквата одредба, односно со таквата утврдена заштитна цена на сите откупувачи ќе им се даде јасен сигнал дека под таа цена не може да се откупува тутунот, затоа што ако тоа се случи, тогаш Владата на Република Македонија ќе мора да изнајде начин да ја исплати разликата до заштитната цена на тутунопроизводителите. Во таква ситуација при внесување на една ваква одредба можам да сватам дека овој закон, ако се носи за интерес на тутунопроизводителите ќе ја вклучи и државата со посилни механизми и ќе ја вклучи државата како некој трет партнер во целата оваа работа, иако не може да седи на страна затоа што и таа приходува од извозот на тутун, сите оние даноци кои што ги имаат по овој основ. Значи, не можеме да кажеме дека законот е добар само заради тоа што предвидел една одредба во законот во член 52 каде што се дава по три денари од кутија цигари и тоа да служи за тутунопроизводството на начин како што го дискутиравме минатиот пат. Ако државата навистина сака тутунот да биде стратешки производ на тие граѓани кои што ја работат таа

тешка култура, а немаат што друго во оваа огромна невработеност, тогаш најмалку што може да стори е еден ваков амандман да го прифати, односно да утврдува заштитна цена и со тоа на некој начин стратешки да се определи за оваа култура. Јас се плашам почитувани колеги, доколку нема механизми со кои што Република Македонија како држава ќе прави одредена заштита на оваа култура, се плашам дека од година во година производството на оваа култура ќе опаѓа.

Имајќи ги предвид сите оние кампањи за пушењето, имајќи предвид како секоја година се намалува производството на тутун, можеме да се сведиме на една состојба каде оваа култура тотално ќе изумре. Некој можеби пак ќе каже што би било трагично и ако изумре оваа култура, на некој начин ќе си го спасиме здравјето. Меѓутоа, сакам да потестам дека 200 илјади граѓани во Република Македонија живеат директно од оваа култура. При оваа бројка на невработеност во Република Македонија, при неможност да се најде работа во вакви услови, при странски инвестиции какви што ги имаме, не сакам да ги потенцирам, при отварање на нови работни места кои што ги нема, која друга алтернатива на граѓаните можеме да им понудиме. Зарем треба да им ја пресечеме и оваа основна гранка која служеше за спас на одредена категорија граѓани, барем да преживеат од година во година, иако релативно тоа би се довело во прашање, бидејќи како што оди цената на тутунот, дури и за таа намена не може да се искористи, иако толку години тоа служеше.

Ќе кажам уште нешто.

На сите средби што јас како пратеник, но и моите колеги пратеници, особено оние од Прилеп кои седат овде во Парламентот, со сите оние средби кои сме ги имале со тутунопроизведителите, со здружението Мост, кое беше организатор на една ваква трибина, за измена на законот за тутун, која средба беше одржана во Прилеп, на која присуствуваме многу пратеници, едно од основните барања на тутунопроизведителите беше токму тоа, да се има заштитна цена. Верувајте дека нема да има потреба од закон за јавни собири со кој ќе се ограничат граѓаните да протестираат, до колку една ваква одредба во законот постои. Кога самите производители ќе почусвуваат дека државата им гарантра барем одредена минимална цена, како што тоа го има за пченицата, како што тоа го има за други култури, мислам дека многу проблеми ќе бидат решени. Вака се остава исклучиво на волјата на откупувачите кои можат да манипулираат, како што манипулираат и оваа година и со времето на откупот и со се она што значи доаѓање до што пониска цена, а поголема количина.

Од сите тие причини што ги кажав, а има уште многу за кои очигледно не може да се зборува, бидејќи нема услови, гледам дека пратениците не ги интересите тутунот. Навистина се деконцентрирам, претседателе, бидејќи многу се довикува, се читаат весници итн.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски не покажувајте на таа страна. Покажете на другата страна.

Ве молам продолжете.

**Жарко Караџоски:** Мене ми е чудно, многу колеги искажаа голема грижа за тутунопроизводителите, кога беа протестите, па седеа во Влада како суфлери на премиерот, какви решенија да донесе Владата итн, а сега од еднаш се создава галама, незаинтересираност, кога конкретните решенија треба сега да ги донесете. Заради тоа, сите оние аргументи што ги искажав, ако сметаме дека треба да донесеме сериозен закон кој ќе оди во прилог на тутунопроизводителите, еден ваков амандман мора да биде прифатен.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Топузова во што е прекршена процедурата.

Повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван претседателе недозволиво е колегата Жарко Караџоски да кажува за неговите колеги кои биле присутни во Владата, затоа што сите тие се тука, внимателно ја следат седницата и неговото излагање и можеби ќе дадат и подршка на овој амандман. Не е чесно пред тутунопроизведителите така да ги етикетира колегите кои цело време беа со нив.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Во новиот Деловник пишува, прво да кажете член по кој барате процедурално. Сега по кој член е, да кажеме, ова процедурално.

Да не се расправаме. Јас го опоменав господинот Караџоски, ако веќе покажува на едната страна, да покаже и на другата.

Повелете господине Гешоски, имате три минути.

**Благоја Гешоски:** Колега Караџоски, деновиве едан ТВ куќа планирала да организира емисија на тема популизам и во тој разговор ме прашаа што е најопшта дефиниција за популизам. Јас реков, не морам да ви кажам дефиниција, ама гледајќи ги настапите на колегата на Жарко Караџоски во Парламетот, тоа ви е класичен популизам. Од првата до последната реченица се контрадикторност до контрадикторност.

Вие колега Караџоски сте правник. Првото нешто што треба да го направи секој тутунопроизводител е да склучи договор со откупно претпријатие. Во тој договор јасно се наведени класите и откупните цени. И она што досега го немало во Република Македонија, или се случувало многу ретко, државата предвидувала најниска откупна цена или гарантирана. Меѓутоа, секогаш и од она што ќе го пропишала државата, на крајот откупната цена била повисока од таа цена. Не можете да се помирите, очигледно, со фактот, можеби не ви е како ВМРО Народна, меѓутоа оние кои стоеа, потикнуваа и ги организираа протестите, едноставно си дадоа тутунски автогол, од причини што кризата на проблемите со откупот на тутунот

има завршница таква каква што никогаш немало и тутунопроизводителите добија повеќе од ова Влада отколку што добиле било кога. Имено 30 дена премија по откупен тутун е прв пат во историјата на Република Македонија, нешто што немало никогаш и тоа е заслуга на оваа Влада и на нејзиното разбирање за проблемите на тутунопроизводителите. Тоа е еден од заклучоците што ние ги донесовме пред неколку дена, разговарајќи по Информацијата за тутуно. Нашите заложби беа овој закон што го имаме денес Владата да го достави по итна постапка и тоа се случи. Овој закон регулира премија. Не е можно вие за еден производ да нудите и премија или субвенција, од друга страна да гарантирате. Не е можно да имате два заштитни механизми. Тутунот на пазарот не го откупуваат повеќе само македонските монополи, туку тој пазар е либерализиран. Затоа, реално говорете за она што се проблеми на тутунопроизводителите и дека е реално оваа Влада. Еднаш имајте доблест и кажете, да, Владата она што го вети го направи, бидејќи тутунопроизводителите ги памтат вашите ветување дека тутунот ќе го откупувате по 8 марки кога дојдете на власт, ама кога дојдовте беше помалку и од 1,5 марки. Така што немојте, престанете со тој популизам. Јас занам дека се ближат изборите, меѓутоа, барем нашите граѓани не заслужуваат ваков однос на нивните претставници кои знаеме да кажуваме дека ги браниме нивните интереси, меѓутоа очигледно некогаш се заборавараме, кога ги браниме боите на партијата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски, имате една минута контра реплика.

**Жарко Караџоски:** Господине Гешоски, дефиниција за попунизам е Благоја Гешоски. Дефиниција за популизам е, кога беа протестите се нацртавте кај премиерот да му кажете и да ве видат тутунопроизводителите колкава грижа водите за нив. Дефиниција за популизам е, кога овој закон дојде на итна седница, вие заминавте во Словенија и си дојдовте во саботата. Го оставивте Собранието и нас како опозизија да ги корегираме со амандмани решенијата кои ги нуди Владата. Дефиниција за популизам, господине Гешоски е што три пати гласаше против сите предлози на Владата кои не се разликуваа од овој, сега ми продаваш, да не кажам што. Уште ли сакаш да ти кажам која е дифиницијата за популизам. Дефиниција за популизам е што го фалиш Бучковски, наместо да го жалиш.

**Љупчо Јордановски:** Нема потреба од нервоза! Нема потреба од нервоза, овде е арена, политичка. Изборна година.

Повелете господине Ѓеорѓиев повелете, имате збор.

**Драган Горгиев:** Благодарам претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани пратеници,

Во нашата држава како и во нашите соседни држави и во земјите од Европската унија, во земјоделството функционираат, пред се пазарните законитости на понуда и побарувачка.

Со овој амандман се предвидува заштитна цена на тутунот, иако предлогот што е даден од Владата оди во правец на регулирање на севкупните односи и опфаќање на сите учесници, почнувајќи од производството, откупот, сместувањето, обработката на суровиот тутун, прометот на ферментираниот тутун и производството и прометот на тутунски производи.

Не само што препораките на Европската унија одат во насока на тоа да нема заштитна цена, туку и самите пазарни законитости на понуда и побарувачка, налагаат на секоја држава која сака да го стимулира тутунското производство, или некое друго земјоделско производство, да оди во правец на премија или субвенции по кило грам тутун, а не во однос во определување на заштитна цена.

Дали предлагачот може да наброи некоја соседна држава, или некои држави од Европската унија каде со закон е определена заштитна цена, или пак обратно, во сите тие држави стимулацијата во примарното производство оди преку определување на премии по килограм тутун. Нека предлагачот каже некој пример во некоја држава каде законски се регулира заштитна цена во однос на тутунот.

Сега имам некои прашања исто така до предлагачот, дека во однос на здрава пазарна конкуренција. Да претпоставиме дека државата одредува некоја цена од 130 или 140 денари заштитна цена, во ваков закон што го имаме, значи со обезбедување на финансиски средства, со обезбедување премија по килограм тутун. Тогаш, врската помеѓу производителот и откупувачот нема да биде на таков начин, како што тече во сите држави, со претставници, со натегање на повисока цена, со постигнување на реална цена за откупот на тутунот, затоа што откупувачот ќе може да манипулира со пониски цени. На пример ќе се определи пазарна цена од 100 или 110 денари, а државата им одредува 140 денари. На штета на граѓаните на државата и на штета на државата ќе одат тие 30 денари, а ќе одат во корист на откупувачите и потоа ќе нема ниту за премија, а одвај за заштитна цена. Не знам дали тоа не го согледувате. Затоа тоа не функционира во ниедна држава. Мислам, најдобро е со аргументи, а не со демагогија, зборови итн. Кажете ми еден аргумент, дали државата и тутунопроизводителите нема да изгубат, а во корист на откупувачите кои во голем дел се од страна. Ќе оди 90 или 100 денари, ќе нема оспорување на цената, почести второстепени забелешки и сето тоа ќе го надополнува државата, а во обратен случај, како што е регулирано во овој закон, имаме пазарна законитост, борба за цената, реална цена, одредување на цена 130 или 140 денари и можност за државата тие пари да ги искористи за поголема премија за колограм тутун.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски повелете одговорите за овој дефект, бидејќи јас не сакав да одговорам. И добро е што може би откупувачите 30% ќе ја спуштат загарантираната цена. Ако ја спуштата 50% кој ќе ги плаќа тие 50% за загаранатирана цена.

Повелете, имате една минута контра реплика.

**Жарко Кзрацоски:** Добро, претседателе, вие одговоривте за дефектот.

Јас да бидам искрен, колега Ѓорѓиев, се трудев да ве разберам и да ве сватам што сакавте да кажете и како сакавте да го објасните сето тоа, но да бидам искрен, не успеав да ве разберам.

Се надевам дека ве разбраа и ве сватија тутунопроизводителите. Ова објаснување беше добро да го дадете кога беа барикадите и протестите и се надевам дека веднаш ќе прекинеа со портестите, бидејќи едно вакво објаснување што сега го кажавте, навистина оди во нивни приолог. Ќе каже времето колку ве разбрале тутунопроизводителите, ќе ви кажат највероватно на избори, кога ќе излезете за брзо време. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски, повелете имате збро.

**Илија Србиновски:** Благодарам претседателе, се јавувам во правец на подршка на овој амандман на господинот Караџоски. Ја давам подршката затоа што требаше да се донесе еден ваков закон за тутунското производство и преработка со кои ќе се начнат условите, начинот на производство, откупот, обработката и прометото на тутунот и на тутнските производи. Меѓутоа јас пак сега се прашувам, зошто го носиме овој закон ако не се заштитени тутунопроизводителите. Овој закон ние го правиме за откупувачите или за тутунопроизводителите? Ако не се собереа тутунопроизводителите да неправија штрајк пред Владата, јас мислам дека ни ден денес овој закон немаше да биде ставен овде во Парламентот.Значи, премија не смее да се дозволи, заштитна цена не траба да се дозволи. Тогаш кој интерес ќе го имаат тутунопроизводителите и натаму да садат тутун.

Ако земеме само еден пример. Ако на пример нема заштитна цена, ако едно четири члено семејство произведе од 800 до 1000 килограми тутун и на него му се плати тутунот по 80 или 90 денари по килограм, која е сметката тој и натаму да сади тутун. Со 80 денари по килограм тој ќе сади тутун? Тој за да може и натаму да одгледува тутун, мора да знае како ќе се движи таа цена. Сега не може откупувачот да откупи на пример, да речеме по 120 или 130 денари, па да го продава на пазарот по 500 денари. Каде е трудот на тутунопроизводителите. Знаете ли колкава мака е да се занимаваш со тутунопроизводство. Тоа е најголемата мака во Република Македонија, од земјоделското производство. Затоа претходно реков ако законот се носи со некоја цена, со некои услови, значи да се заштитат тутунопроизводителите, тогаш треба да се донесе закон кој ќе ги штити тутунопроизводителите и да може во иднина да планира дали ќе може да одгледува или да не одгледува тутуно. Тоа е целта на законот, а не ние сега носиме закон за дневнополитички цели, колку да се смират страстите, а понатаму што ќе биде? Колку за житото што се дадоа пари, колку што за грозјето се дадоа пари итн.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине заменик министре имате збор.

**Санде Џамбазовски:** Владата кога не го прифати овој амандман, се водеше од тоа што ние имаме договор односно тоа е меѓународен договор за членство во СТО и мислев дека нема потреба од дискусија, бидејќи сме обврзани тоа да го почитуваме, без одглед која Влада тоа го прифатила, дали оваа, дали некоја претходна, или некоја пред тоа воопшто не е битно.

Меѓутоа не би сакал да лебди во воздух тоа дека со пропишување на заштитна цена ќе им биде многу подобро на тутунопроизведителите. Што е тоа заштитна цена? Бидејќи седницата ја следи јавност, би сакал да кажам што значи заштитна цена.За определување на заштитна цена има методологија и тоа е најминималната цена која може да биде.

Имајќи го предвид поранешното искуство, пред да биде склучен договор за членство со СТО, ние имавме заштитни цени. Искуството покажува дека секогаш откупните претпријатија производите си ги купувале исклучиво највисоко, со заштитни цени, што значи нема интерес за пазар, нема интерес за зголемување. Заштитна цена е минималната цена, а откупната цена е пазарната цена. Ние овде бараме да имаме пазарна цена, повисока цена да имаме. Не бараме да имаме помала цена. Имајте предвид дека кога би имало заштитна цена, тоа ќе го искористат откупните претпријатија и ќе биде на штета на самите произведители. Тутунот се откупува по класи. Тутунот е едини производ каде со самото расадување, оној што сака да произведува склучува договор каде точно му се пишува цената по класи, цена за прва клас е таа, цена за втора класа е таа итн. Значи пред да почне да произведува тој точно ја знае цената што не се знае ни за еден друг производ, освен за тутунот. И тоа е предноста на донесување на закон. Во овој закон предноста е тоа што точно се предвудува во договорот што треба да содржи. Значи, покрај другите услови, да стои и откупната цена на тутунот по калси. Замислете, ќе одредиме просечна заштитна цена. Што, дали ние сакаме квалитет, или сакаме не квалитет. Значи тој што ќе има повисок квалитет, откупните претпријатија тоа можат да го искористат и производот да му го симант на таа заштитна цена, од друга стрна и тој што има најлош квалитет и неговиот производ да се качи на заштитна цен. Значи при имање на заштитна цена нема интерес за подобар квалитет. На нас целата ни е да имаме што подобар квалитет, тутунопроизводителите добро да си го наплатат тоа и да добијат подобри приходи. Во светото има две заштити во земјоделството. Една е американската, тоа се заштитини цени и другата

е европскиот начин на финансирање каде што е директно финансирање по хектар по грло, килограм итн. Оваа држава или овие влади наназад, откако сме членки на СТО и амбициите односно желбите да станеме членки на ЕУ, го прифативме тој модел на подршка на земјоделството.

Дали е голем или мал, тоа е друга работа и тоа е дискутабилно. Меѓутоа, тој како метод го прифативме како директна поддршка. Во дадениов случај ние тоа во законот го регулираме дека тутунот ќе го поддржуваме директно по килограм. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Србиновски имате реплика.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван пртседателе.

Математиката е таа. Овој закон јас не знам зошто се носи. Ако се работи за тутунопроизводителите дајте да донесеме закон што навистина ќе им помогне. Самите гледате каков пад има Република Македонија. Ако се произведувани 30 илјади тони тутун, сега се сведува на 15 илјади тутун. Што значи тоа? Тоа значи дека државата не води сметка. Значи, ние сега повеќе сакаме да води рачун за откупувачите, отколку за тутунопроизводителите. Таа е разликата. Па, што ако има и заштитна цена и Америка спроведува тоа да ги заштити цените, за да може да има стимул за производството, иако има голема забрана со Закон за пушење. Сепак, има стимул и таму како треба да одт тие цени на тутунот, за да има едно стимулативно производство на тутунот. Како можела една Хрватска да ги заштити цените, една Бугарија, една Србија или колку да се дадат премии. Па, и ние треба да најдеме некој начин како тоа ќе го изразиме и како ќе им помогнеме на тутунопроизводителите. Во тоа е работата. Затоа, тутунопроизводителите правеа штрајкови, собири и секакво недоразибрање и сега ајде ќе носиме закон за тутун, да ги смириме, па потоа како ќе се плаќа, ќе видиме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорчев, имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници,

Јас со овој амандман на господинот Караџоски во врска со заштитната цена за создавање на нов член 3-а, го разбирам во таа насока што и во тоа дека Република Македонија е членка на Светската трговска организација и кандидат членка на ЕУ и во двата системи постојат мерки на трговската и ценовната политика. Тоа се дозволени мерки. Можеби формулацијата заштитна цена влече еден рецидив од старо време кога таа заштитна цена не се знаеше кого штити, дали државниот монопол, дали тутунарите, дали државата. Меѓутоа, во современите системи кон кои што се стремиме, а веќе сме и членки на Светската трговска организација, јасно е дека од оваа цена која што се обидува пратеникот Караџовски, да ја промовира тука со амандман стои базична или целна цена. Тоа е цена врз основа на која што државата се базира односно ја утврдува за да преземе соодветна мерка, дали тоа ќе биде директно плаќање на единица хектар, дали ќе биде премија, што ми е дозволена како членка на Светската трговска организација 5% од вредноста на тутунот, што е произведен во 2004 година и да имаме право во 2005 година и реколта од 2006 година да им дадеме на земјоделците директна премија, директно плаќање. Толку ни е правото. На пример, ако сме го продале тутунот 20 илјади тона по 3 евра по килограм, имаме 60 милиони евра, или 3,6 милијарди денари, имаме право од тоа 5% да даваме премии за тутун. Меѓутоа, тука е битно дека мора да се определи базична цена. Инаку, која е таа цена за која што државата ќе знае како да интервенира. Базична цена мора да се проектира плански на почетокот на годината, дека државата планира при тој квалитет на тутунот, при таков асортимен и при такви количини дека ќе определи некоја базична цена како системска мерка за државна интервенција. Не базична цена некого да штити, туку базична цена која што ќе каже на државата колку пари треба да издвои за да даде за премии и да даде по мерките што се неограничени. Зашто, во зелените мерки никој не може да ја ограничи Македонија колку пари ќе даде по единица хектар. Може да даде 3 илјади евра, а може да даде и 200 евра. Тоа е неограничено право. Меѓутоа, за премијата сме обврзани да дадеме висина на премија 5% од вредноста на производството што сме го произвеле во претходната година. Е, токму за тоа е потребна таа базична цена. Што покажува тоа? Тоа покажува дека државата е совесна, одговорна, чесна кон производителите и кон откупните пунктови и кажува дека базичната цена за македонскиот тутун од типот сорт, Јака Прилеп и незнам кој, изнесува како целна цена што треба да се постигне, со оглед на квалитетот во таа година, примерно 135 или 140 денари. Тоа се целни цени и тие постојат во трговската и во земјоделската ценовна политика на ЕУ и на Светската трговска организација и Македонија треба секогаш да се стреми одговорно да постапува. Не е битно дали таа просечна базична цена ќе се постигне или не. Таа е репер на цена од која што државата ги влече своите, би рекол, понатамошни стандарди во интервенцијата. Дали ќе даде, на пример, 600 милиони денари за премија или ќе даде милијарда по единица хектар за сите оние насеани 10 илјади хектари под тутун. Многу е битно државата да зн ае да проектира, а тоа е особено важно од аспект на целните турбуленции, за што имаме приватни монополи. Го имаме ги Михалидис кој што откупува и во Грција. Таму во Грција на Михалидис му е друга цена, а во Македонија му е друга. Тој кога склучува договор со Верхајмер кажува дека во Македонија има ефтин тутун, а со тоа го потценува и домашното производство, ги поценува и тутуно производителите. Исто така прават и другите компании. Многу е битно Македонија одговорно да постапи и да каже дека

целната цена за 2006 година, реколтата ќе биде, на пример, за типот Прилеп толку и толку. На таков начин државата по тоа не може да бега од одговорноста дека ете немаме пари во Буџетот, па ние сега не можеме да одвоите од Буџетот и да дадеме 600 милиони премија. Не. Пред да се направи Буџетот, не како што ние тука го гласаме во Македонија, ќе го направи министерот за финансии, никого не прашува, ќе ни го фрли тука во Парламентот и ние мораме да гласаме, а сите амандмани ќе ги отфрлиме, затоа што биле во неможност да се исполнат од страна на Буџетот.

Прво, во Европа се прашува Министерството за земјоделство од сите европски др жави колку пари им треба во таа година, според базните цени, според целните цени, за премии, директни плаќања и слично па потоа се прави Буџтот. За што, таму во Европската Унија, пак ќе потсетам, Буџетот 40% оди за земјоделството. Во таа насока ние оваа цена треба да ја имаме и во договорите, како што кажа господинот Заменик министер, меѓутоа треба да ги има и во проекција за нашите сортни типови на тутун, утре ќе ја имаме и базната цена. Колкава е базната цена во Грција во однос на она што претставува наш конкурент. Таму имаме басма. Оваа година треба да процениме колку била басмата  во Грција, колку била во Бугарија и колку премија дале Грците и Бугарите за тој тутун. Аналогно на тоа Македонија ќе се ориентира кон својот животен стандард, кон своите би рекол квалитетни перформансии кои што можат да  се произведат во таа култура, во таа сорта и ќе определил току пари за премија или за директни плаќања. Едноставно, ние тука со овој закон за тутун и со овој амандман конкретно се покажуваме дека сме сеуште оптоварени со рецидивите дека државата е нешто што треба да биде надвор од државната интервенција и дека еве ние сега како држава се определуваме за пат кој што не дозволува ете такви ригидни мерки во пазарната економија, конкретно во земјоделството. Напротив, секаде во светот, јас тоа го кажав и со примери, тутунопроизводството се помага, пред се, во САД, каде што има и базична цена плус заштитна цена, а има е премија. Исто е и во Бугарија, исто е и во Грција, исто е во Хрватска, исто е и во Србија и Црна Гора. Само Македонија под притисок на тутунарите се определи оваа година да даде 30 денари по ветувањето на премиерот во преговорите со земјоделците. Едноставно, оваа базична цена не и дозволува утре на Владата во било која конотација, а сега имаме избори, било која политичка Влада утре, не може да бега ако цената биде да речеме 120 денари под базната цена 20 денари, тогаш треба да даде премија од 60 денари, не од 30 денари. Не може да бега од одговорноста дека ќе треба да извади од Буџетски пари толку пари, колку што губат земјоделците, заради да речеме несоодветна откупна политика и нарушување на пазарната понуда и побарувачка. И, тука тоа се реперни точки, ориентирни точки, тие не се за некого да штитат. Едноставно, ја обврзуваа државата да не бега или утре некој друг министер за финансии, некој друг премиер, некоја друга Влада од одговорноста дека треба да им плати на тутунарите. Така како што цел свет им плаќа на своите тутунари. А, вака, ако ние не определуваме базни целни цени, тогаш ние едноставно другата година можеме да кажеме дека немаме пари во Буџетот, што да правиме сега, нема да ви дадеме бидејќи не се полни буџетот и едноставно тоа што го прават другите држави нас не не обврзува, ние сме самостојна, суверена држава, ама сега не ставија во Западен Балкан, па не знам како ќе биде понатаму.

**Љупчо Јордановски:** Почитуван Ѓорчев, дали може една реплика од моја страна, бидејќи навистина нешто не ми е јасно. Вие зборувате за целни цени, а ваму е амандманот за заштитна цена. Ако е заштитна цена да кажеме 150 денари, дали во Буџетот треба да кажеме Владата да претпостави дека еден денар ќе биде од страна на купувачите цената и другите 149 денари ќе треба државата да ги обезбеди. Ако купувачот знае дека има заштитна цена, може има и мултимонополи, не само еден монопол и можат да се договорат, ќе направиме цена што ќе ја понудиме од три денари. До 15о0денари, повелете, имате закон каде што пишува 150 денари заштитна цена и Владата тоа нека ви го обезбеди. Јасно ми е за премијата, за субвенцијата, но не ми е јасно за во закон да влезе заштитна цена, каде што ние им даваме можност да прават други компании, односно како откупувачи профир. И тоа на вашата работа и на мојата работа. Бидејќи Буџетот тој треба да го обезбеди, по вашата логика. А, може да кажеме и нула да биде, сите да се договорат, не даваме ни еден денар и државата ќе се јави како купувач на целиот тутун кој што постои во Македонија, бидејќи во законот има заштитна цена. Објанете ми го тоа, јас не сум економист, не сум ни земјоделец, но логиката ми го кажува тоа дека ние им овозможуваме на купувачите да го имаат договорот, си имаат монопол, минимална цена, за да не биде ептен да кажеме безобразна, а рестото повелете државата Ќе ви го плати. Тој потоа ќе си го продава надвор за 10 пати повеќе. Или државата треба цел тутун да го купи, бидејќи може да кажат, извинете, воопшто не даваме или за два денара или државата нека ви купи за 150 денари заштитна цена. Тие работи не ми се јасни, повелете ако можете да ми ги објасните или да престанеме тука, како дилема.

**Марјан Ѓорчев:** Незнам како по Деловникот вие ми реплициратет мене. Тоа не ми е јасно.

**Љупчо Јордановски:** Па, ви реплицирам, затоа што зборувате за проектирана цена а не за заштитна цена.

**Марјан Ѓорчев:** Па, нормално ќе зборувам, за тоа што ја нема под ова што се објаснува како амандман, јас така го разбирам.

**Љупчо Јордановски:** Се бара заштитната цена да влезе во закон, господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Јас кажав дека формулацијата заштитна цена е несреќна формулација. Државата мора да определи, по кој критериум, претседателе, ќе се определи премијата ако немате базна цена. По кој критериум ќе се определи колку ќе дадете во другата година за Буџетот.

**Љупчо Јордановски:** Еве,министерот ќе ви објасни по кој критериум.

**Марјан Ѓорчев:** Јас ќе ви објаснам, зошто друг да ми објаснува. Јас ќе ви објаснам, вие мене ме прашавте, а не го прашавте министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Љупчо Јордановски:** Ако проектираната цена влезе во законот, тоа е нешто што треба државата да го исплати.

**Марјан Ѓорчев:** Сигурно ќе го исплати. Проектирана цена е, во Европа секаде по цена која што е основа за утврдување на државната интервенција. Во Европа никаде не се знае на која цена на млекото, на путерот, на тутунот ќе интервенира ЕУ.

**Љупчо Јордановски:** Во што е интервенцијата, дали со собвенции?

**Марјан Ѓрочев:** Точно, но ги објавуваат цените.

**Љупчо Јордановски:** Да, но не да влезат во закон.

**Марјан Ѓорчев:** Ама ги објавуваат цените, базните цени.

**Љупчо Јордановски:** Па и сега има такви интервентни цени.

Јас само ги кажав дилемите, каде што е очигледно државата со овој амандман ќе мора да го покрие ц елото тутунско производство, и каде ќе го стави и незнам како ќе го продава.

Повелете господине заменик министре.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе, мислам дека се работи за д ве различни работи. Една е амандманот кој што го предлага господинот пратеник Караџоски, а друго е дискусијата на господинот Ѓорчев, пратеникот. Значи, дискусијата на господинот Ѓорчев е нешто друго. Кога се знаат средствата од Буџетот во маса колку пари се, тогаш ние треба да определиме во зависност од тие средства кои што ги имаме на располагање, треба да се определат кои производи и во која мера ќе се поддржуваат. Во таа маса на средства. Тогаш, се прави економска анализа за да се види оправданоста зошто токму тој производ треба да го поддржуваме, бидејќи немаме средства за сите производи да ги поддржуваме или зошто тој повеќе, а оној другиот помалку. Тогаш, се прават економски анализи и тогаш ќе се види оправданоста дали одреден производ може да опстане со нормална технологија поради одредени природни непогоди итн., кој што директно влијаат врз приносот на производството и тогаш Владата или било која друга земја тоа секаде се прави во светот. Тоа ние не сме го измислиле и тогаш врз тоа ние ги определуваме приоритетите на производите, кој со колку ќе го поддржиме, зависно од направените економски анализи за нивната оправданост, нивната важност, значење и тн.

Јас ја сфатив дискусијата на господинот Ѓорчев во таа насока, и тоа се прави и за тоа е во право. Но, тоа со заштитната цена ама таман нема никаква врска.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски дали барате збор или реплика.

Господине Србиновски, повелете процедурално.

**Илија Србиновски:** Сакам да ве прашам, почитуван претседателе, вие сте претседател на Собранието и дел од коалицијата е власта, поставувате прашања според позициите. Сега следи едно прашање, зошто немате министер за земјоделство толку години во Република Македонија откако постои оваа Влада. Зошто не водите сметка за земјодлеството, не е платена ни пченицата, ни грозјето, а и тутунот сакате да не го платите.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски тоа нема ни најмала врска со процедурално.

Бидејќи, немаме пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, затоа што треба да пристапиме кон гласање на амандманот.

Присутни се 51 пратеник.

Молам, пратениците да влезат во салата.

Молам уште 6 пратеника да влезат во салата.

Бидејќи, ме прашувате дали ќе има пауза за ручек, почнавме во 13 часот, после нормално три часа работа, ќе имаме половина час пауза. Во Европа кон која што се стремиме некаде се околу 16,00 часот се руча.

Ги повикувам пратениците и ги молам денес овој закон да го завршиме.

Бидејќи, главното енергетско средство на пратениците им е храната, давам пауза за ручек до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,03 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги замолувам пратениците да влезат во салата. Се надевам дека собравме сили, енергија собравме.

Ги замолувам пратениците да влезат. Недостасуваат 4 пратеници.

Колку се потпишани. Мислам, тоа да го кажам јавно? (93). Но нешто левата страна ми е многу празна. Сега е многу полна средината.

Јас знам кога почнавме со амандманите имаше една партија која што имаше 20 амандмани. Сега не ја гледам присутна овде.

Благодарам на колегите.

Сега сме 62 присутни.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Значи, ја заклучивме расправата по амандманот за додавање нов член 3-а, по членот 3, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 59 гласале, 11 за амандманот, нема воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а, по членот 4, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Збор има заменик министерот. Повелете.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе,

Со оглед дека првиот дел од амандманот е опфатен во член 50 и 51, вториот дел од Министерството секогаш поднесува извештај до Владата, бидејќи тие одат до Влдата, овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Има два дела за амандманот, не ми е јасно, но затоа на Караџоски ќе му биде јасно
Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Вака сега. Амандманот има смисла.. Со амандманот се предлага воведување на нов член 4-а, во кој што во првиот став, значи има два става амандманот. Првиот став е дека Владата на Република Македонија по пат на субвенции и други заштитни фискални мерки го поттикнува производството на тутун во регионите и реоните во кој постојат природни услови за производство на тутун.

И, вториот став е за мерките од став 1 на овој член. Владата на Република Македонија изготвува извештај и го доставува на запознавање во Собранието на Република Македонија.

Е, сега што е смислата, на амандманот.

Ако за првиот став може да се каже дека на некој начин со овој закон имаме некакво субвенционирање во однос на она што е таму регулирано во членот 52, ставот 2 на овој член има своја логика, затоа што Собранието како контролор на извршната власт, има право и би требало да има право да разгледува еден извештај по однос на оние мерки согласно овој закон како е предвидено во смисла на она програма која со овој закон е предвидена средствата кои ќе бидат собрани по основ на субвенционирање како се користат и како Владата планира да ја направи таа распределба согласно Програмата што ја има.

Собранието би требало да биде известено од аспект на тоа како Владата планира да ги распредели тие средства и крајно како ги распределила, откако ќе заврши.

За да не бидат два извештаи, со амандманот се предлага тоа да биде еден извештај на крајот на годината во кој извештај Собранието ќе биде запознаено како и пратениците со севкупната работа во однос на она што значи субвенционирање или поконкретно она што се ветило дали се остварило, како се остварило и тн.

На крајот на краиштата одговорноста за преземените мерки или ветувања Владата одговара пред Собранието на Република Македонија, а тоа ќе одлучи преку прифаќањето или неприфаќањето на извештајот со свои забелешки дали се добри мерки или не.

Сепак, со покачување на повисока инстанца односно до Собранието како претставнички дом на граѓаните, вклучително на тутунопроизводителите и на се со една расправа, една дебата и со еден извештај кој Владата ќе го достави до Собранието, имаме можност да се запознаеме на еден друг начин да контролираме како се трошат парите што се предвидени за оваа намена и како треба да се трошат парите.

Значи, една повисока, една поголема контрола. Ако се остави како што е предвидено во овој закон само на Владата како извешна власт или на Министерството како дел од таа Влада, тогаш ќе немаме можност да влијаеме на извршната власт во смисла дали тие средства треба да бидат така наменети, дали повеќе средства треба да бидат дадени за тутунопроизводството или за развој на земјоделието и тн.

Овој амандман има логика и треба да биде поддржан. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор по амандманот, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 64 пратенка, од кои гласале 51 пратеник, 9 за амандманот, 1 воздржан, 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата односно заменикот министерот за земјоделие да се произнесе. Повелете заменик министре.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман Владата не го прифаќа, не би давал образложение бидејќи дадовме доволно образложение, истиот амандман се однесува на заштитната цена. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Бидејќи имавме претходен амандман со кој се бараше да се уреди заштитна цена за тутунот и бидејќи тој амандман не помина, не доби поддршка од парламентарното мнозинство, не верувам дека и овој амандман кој на сличен начин уредува исто така заштитна цена само во друг член, од тие причини го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2, поднесен од пратениците Спиро Мавровски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Џамбазовски, заменик министер.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам, и овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека во многу закони кои ова Собрание ги донесе, амандманот се однесува на членот 7 став 2 каде подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на еден член од семејството - производител на тутун, му издава заверен картон за сите катастарски парцели на кои ќе произведува тутун.

Е сега, "на еден член од семејството" мислам дека амандманот е во насока на да се брише еден член од, значи за семејството, затоа што начинот на кое што е дефинирано семејството, по права линија, по сфатовска линија, по не знам како, дали во оваа ситуација вие разликувате таква ситуација како во другите закони или како еден член од семејството се подразбира од најтесното семејство? Треба да се дефинира точниот назив што сакате да го добиете во законот, со тоа што еден член од семејството би можел да склучи договор со еден одкупувач, другиот член од семејството со друг откупувач, така што ќе се направи една конфузија во сето ова и мислам дека не го разрешуваме проблемот.

Затоа предлагам постриктно да се најде решение, да се дефинира што значи тоа еден член од семејството. Мислам дека, вака како што ви стои во законот, апсолутно не е дефинирано. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 59 гласале, 9 за, 1 воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на став 6 поднесен од пратениците Спиро Мавровксcи и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Владата не го прифаќа бидејќи е решено со амандманот од господинот Ефтим Манев. Решено е веќе со амандманот. Истото решение е. Затоа не го прифаќаме овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** А тој амандман е прифатен.

**Санде Џамбазовски:** Тој е прифатен, па затоа овој амандман не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски повелете, амандманот не е прифатен.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Ако амандманот е прифатен, тогаш јас го повлекувам овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Јас веднаш ќе констатирам дека е повлечен овој амандман иако е кондиционално поставен "ако е прифатен".

Благодарам господине Мавровски, амандманот е повлечен.

Многу е убаво што веруваме едни на други.

Отворам претрес по амандманот на член 13, став 1, алинеја 3 поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Доволно е и толку, дека амандманот се прифаќа.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам, овој амандман се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не се прифаќа амандманот.

Господине Караџоски повелете.

**Жарко Караџоски:** Со овој амандман, сакам само да го прецизирам членот 18, ставот 2, во кој што се зборува во ситуации кога производителот

има право да го раскине договорот и таму се спомнува стечај или ликвидација. Меѓутоа, не се само стечајот и ликвидацијата причини поради кои што производителот не може да го наплати тутунот што го предал или причина за раскин на договор, туку има и состојби што се нарекуваат неликвидност или некоја состојба што во дадениот момент од склучувањето на договорот, а не е стечај или ликвидација, кога откупувачот не може да го плати тој договор.

Такви ситуации имаме многу сите овие години, па се бара пмош од Владата да обезбеди пари, да обезбеди средства итн. За цело време тутунопроизводителите се држат во некоја неизвеснот.

Од овие причини сметав дека во додавањето на овој член, на овој став и можноста кога производителот не може да знае, како и кога на друг начин откупувачот стане неспособен за плаќање, да може да го раскине договорот. Не гледам што е толку проблем, тука е чисто правна терминологија, зошто не се прифаќа овој амандман. Мислам дека ваквата формулација на амандманот, на членот 18 ставот 2 е поповолен за производителите, а од друга страна ќе ги натера откупувачите да имаат јасни и прецизни одредби во договорот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 гласале, 11 гласале за амандманот, нема воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 за додавање две нови алинеи 5 и 6 по алинеја 4 поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска.

Во меѓувреме, на овој амандман е поднесена исправка во новата алинеа 6 која ви е поделена.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам, овој амандман се оприфаќа но во составен дел со новото дополнување што е дадено.

**Љупчо Јордановски:** Јасно е дека, како што прочитав, поднесена е исправка во новата алинеа 6 и тоа е всушност амандманот што се прифаќа.

Значи, амандманот е прифатен и е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 за додавање нова алинеа 5 поднесен од пратениците Спиро Мавровскси и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Господине Мавровски повелете, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе,

Јас го повлекувам овој амандман бидејќи имам нов амандмано во котекст на ова што е предложено во овој амандман, што го добивте денеска. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 2 поднесен од пратениците Спиро Мавровскси и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман Владата го прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 за менување на став 1 поднесен од пратениците Спиро Мавровскси и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** И овој амандман го прифаќа Владата.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 2 поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** И овој амандман се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за менување на став 4 поднесен од пратениците Спиро Мавровскси и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам.

Овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Господине Мавровски повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот се однесува на членот 40, став 4 и предлогот е да се промени, со тоа што ставот 4 гласи:

"Министерството за здравство ја одобрува употребата на нови адитиви кои не се наведнеи во листата на дозволени адитиви, на барање на производителот или увозникот".

Амандманот гласи:

"Министерството за здравство ја одобрува употребата на сите нови адитиви кои се објавени на листата на Европската Унија ".

Мислам дека во многу закони е ова многу логично. Сето она што е веќе употребено и добило лиценца во Европската Унија, дека ние, кога-тогаш ќе го примениме истото. Дали тоа го бара производителот или, како што наведувате увозникот, апсолутно е неважно затоа што она што го диктира Европската Унија и по нивните стандарди, дека треба да се прифати. Затоа мислам дека амандманот е многу логичен и не знам зошто Министерството не би го прифатило.

Се надевам дека пратениците сфатија во што е пораката, како за многу други ситуации, оваа мислам дека ќе придонесе за подобрување на текстот на законот а не оптоварување со барања од производителите или увозниците, туку директно преснимување на она што Европската Унија веќе го употребила. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеници гласале, 15 за амандманот, нема воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на називот на Глава VIII поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам, овој амандман Владата не го прифаќа, бидејќи со овој закон се регулира производството и прометот. Амандманот што се предлага се решава со друг закон, тоа е ограничување на потрошувачката. Затоа не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Збор има госпоѓа Ивановска Лилјана, повелете.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Точно е дека забраната на рекламирање и регулирање на прометот на тутун и тутунски производи е регулирано со оној закон поради што Владата се изјасни негативно, што е од мене господинот Најдовски и други пратеници, така што сметаме дека Главата VIII што гласи-Прометно тутунски производи треба да се преименува во-Ограничување на потрошувачката на тутунски производи. Затоа што членовите 48 и 49 точно зборуваат за забрана на ставање во промет на тутунски производи. Затоа треба да стои Ограничување на потрошувачката на тутунски производи.

Следниот амандман што го имаме за новите ставови 48-а, 48-б и 48-в точно се однесуваат во делот на забраната на рекламирањето на тутунските производи.

Затоа ве молам уште еднаш ако може да ги прифатите овој амандман и следните нови членови 48-а, 48-б и 48-в во кои што ќе се регулира забраната на рекламирањето на тутунските производи. Затоа ве молам преиспитајте ја одлуката за неприфаќање на амандманот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Во Парламентот не важи "пу-пу не важи". Затоа треба мнозинството треба да гласа да го прифати амандманот.

Бидејќи нема никој пријавен за збор го заклучувам претресот по амандман и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 се присутни, 53 гласале, 14 за амандманот, 1 воздржан, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање три нови членови по членот 48, поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Поради истите причини и овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Госпоѓо Ивановска повелете.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам.

Причините не се исти, затоа што во прометот на тутунски производи се регулира и забраната. Иако насловот не беше променет, не пречи овие три нови члена, после членот 48 да бидат прифатени.

Овие три члена ние ги третиравме во Предлог-законот што го предложивме во Собранието, е на дневен ред, меѓутоа уште не сме го разгледувале, на прекинатата седница, каде што се регулира забраната за продажба на тутунски производи. Ако дозволите, ќе ги прочитам овие три членови, пратениците кои го немаат амандманот пред себе.

Во членот 48-а предлагаме :

"Се забранува продажба на тутунски производи:

-во претшколски и школски воспитно-образовни установи и во дворот на воспитно образовните установи,

-во здравствени установи и во дворот на здравствените установи,

-во аптеки и специјализирани продавници за медицински средства,

-во спортско рекреативни објекти,

-од автомати,

-на начин кој на купувачите и овозможува самопослужување,

-на поединечни цигари или други тутунски производи надвор од оригиналното пакување (поединечна кутија) на производителот со исклучок на пурите.

Член 48-в:

Се забранува рекламирањето на тутунски производи и нивните заштитни знаци, со исклучок на рекламите"

Обој пропуст, знаете колеги пратеници дека беше направен пропуст во делот на Законот за забрана на пушењето што е во сила. Затоа ние го предлагаме тој закон за да се усогласат сите закони и во делот на ограничувањето на потрошувачката на тутун.

Значи, "Се забранува рекламирањето:

-во или на места на продажба на тутунските производи,

-во или на деловните простории на претпријатијата што се занимаваат со производство или увоз на тутунски производи,

-на дозволените места за пушење на јавните простории,

-за промотивни настани и активности за возрасни пушачи на местата на продажба на тутунските производи,

-за трговски известувања, изложувања и трговски саеми,

-за известување за добиени индустриски награди,

-во списанија и публикации наменети исклучиво за експертите вработени во тутунската индустрија, кои не се наменети за промет на пазарот.

Се забранува спонзорирање на настани од тутунски производи и нивните заштитни знаци, со исклучок на спонзорирање на настани и активности што повеќе ги привлекуваат возрасните отколку лицата под 18 години.

Член 48-в:

Сите реклами за тутунски производи поголеми од 250 цм2 треба да содржат предупредување:

Пушењето е штетно по здравјето.

Предупредувањето од став 1 од овој член мора да покрива најмалку 10% од вкупната површина на рекламата".

Како предлагачи сметаме дека овие три нови члена воопшто не го нарушуваат текстот на законот, напротив го подобруваат текстот на законот во делот на рекламирањето и во делот на пропустите во делот на дозволената реклама и дозволеното спонзорирање, спротивно на постојнит Закон за забрана на пушењето. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Благодарам, сега сме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник присутен, 51 гласале, 12 за амандманот, 1 воздржан, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 48-а по членот 48, поднесен од пратениците Спиро Мавровскси и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** И овој амандман Владата не го прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Господине Мавровски повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Се однесува исто на членот 48 за што пред малку говореа пратениците од ЛДП. Мислам дека овој амандман би требало пратениците да го прифатат затоа што на овој Закон за спонзорирање и донаторство сме потпишани повеќе од 88 пратеници. Во контекст на тој амандман е токму дел од ова што треба да се искористи.

После членот 48 се додава нов член 48-а кој гласи:

Дел од средствата тутунските производители да може да се употребат за јавни дејности, со тоа што би се изложувал заштитниот знак на производиртелот. На самите тие манифестации, со ова би се овозможило дел од средствата да бидат употребени за наука, спорт, култура, образование и здравство и сите останати јавни активности.

Мислам дека во овој дел треба да имаме сите заеднички став и се надевам дека пратениците ќе го подржат, бидејки Владата веќе се изјасни дека не го прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 21 за амандманот, нема воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнот.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 1, поднесен од пратениците Спиро Мавровски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, во интерес на тутунопроизводителите, во интерес на Република Македонија и во интерес на науката, мислев дека Владата ќе има сенс за ова и дека ќе го прифати ова и дека конечно ќе почне да ги решава проблемите кои што оневозможуваат одредени типови на тутун и останати земјоделски производи, кои што Република Македонија треба да ги пласира на пазарите на Европската унија, едноставно, да не бидат извезени.

Во што се состои амандмнот? Во членот 57, став 1, се додава зборот: "почвата". Значи, за што се работи?

Ставот 1 гласи: контрола на квалитетот на ферментираниот тутун и на автентичноста за потеклото на тутунот и е додадено и почвата за одредени типови врши научно јавна установа од областа на тутунот. Почвата или генерално ќе се решава да Република Македонија, или пак, во овој дел каде што имаме автентичност на потеклото на тутунот би било добро тоа да биде во контекс на испитување и на потеклото на почвата и со тоа пред странските купувачи да излеземе со ситуација во која што Република Македонија ќе има автентичен производ, како од почвата на која што е саден, така и од ферментираниот тутун о од потеклото на самиот тутун. Затоа мислам дека амандманот е многу логичен и дека ќе наидам на подршка кај колегите пратеници, посебно од позицијата и дека овој амандман со ништо не го оптоварува ставот 1 од членот 57. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за расправа по амандманот.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеника гласале 59, 15 за амандманот, нема воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнот.

Отворам претрес по амандманот на член 71, поднесен од пратеникот Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман Владата го прифаќа.

**Љупчо Јорданoвски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Последен амандман кој што дојде во меѓувреме пратен од пратеникот Спиро Мавровски. Тој поднесе амандман на членот 8, за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман Владата го прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по тексто на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Караџоски да се договориме нешто.

Пет дена зборувавме за Информацијата за реколтата на тутунот, три дена зборувавме пред Информацијата и јас би замолил во пет минути да се искажат ставовите по законот, или десет минути, затоа што пет дена зборувавме за оваа тема. Ова е молба од претседателот на Собранието, ако на некој нешто му значи, од Љупчо Јордановски.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Мене ми е јасно дека станува збор за претрес по текстот на законот на Предлог законот за тутун и тутунски производи.

Веднаш на почетокот претседателе...

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски можеме да одвоиме барем 20 секунди да излезат колегите.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе, значи на самиот почеток ќе кажам дека ова вашето што го предложивте да дискутираме по 5 или 10 минути да ги искажеме ставовите, за нас е неприфатливо, затоа што овој закон заслужува внимание, заслужува расправа.

Јас ќе кажам само неколку причини, поради кои што сметам дека треба расправа по текстот.

Првата причина е тоа што по овој текст на закон имавме 71 или 72 амандмана. Самите амандмани, не само по квантитет, туку и по квалитет, навистина, придонесоа да се расправаше овде три дена за секој амандман пооделно, но заслужува и расправа комплетниот текст, затоа што со амандманите не успеавме да ја смениме суштината на овој закон, поточно текстот остана 99% како што беше предложен од страна на предлагачот. Тоа е едната работа.

Втората работа, сакам да ве потсетам почитувани колеги дека од Предлогот за донесување на закон, значи од прва фаза, до денеска кога треба да се гласа Предлогот на закон, помина скоро цела година. Ако пак на тоа го додадеме дека

имаше уште неколку обиди, ми се чини еден или два обиди на истата оваа Влада, откако е дојдена после 2002 година, да поднесе прво беа измени и дополнувања на овој закон, па потоа отиде една прва верзија, која што беше повлечена, за да сега во една редовна процедура со прва фаза и сега втора фаза, дојдовме до едно решение кое што не можеме да му премолчиме и да не продискутираме. Тоа е второ.

Трета причина, јавноста мислам дека ја интересира, особено тутунопроизводителтие ги интересира што ние всушност, денеска носиме со законот. Каков закон носиме.

Да ве потсетам овој закон за мене, од чудни и неразјаснети околности се раправаше по итна постапка, односно на итна седница со впечаток дека еве, на еден итен начин, во некакви вонредни услови Владата почитувајќи ги барањата на тутунопроизводителите се дрзна веднаш да го реши проблемот на тутунопроизводителите, за утре да нема пробелми. Значи, таа фама да ја разбиеме, морам да потенцирам дека во досегашната пракса на Собранието на Република Македонија, немало итна постапка, или итна седница за Предлог на законот, затоа што тоа е редовна постпак аи самиот Предлог на закон е редовна постапка. Се закажува на онаа седница каде треба да се даде можност на сите пратеници да учествуваат рамноправно преку комисиите и преку амандманската расправа која што се покажа и се потврди дека ништо не се добива со тоа што се закажа итна седница и со тоа што очигледно, законот заслужува внимание.

Ако сте на местото на тутунопроизводителите и на граѓаните на Република Македонија, ако седите пред телевизор и чекате да видите оваа седница како се одвива, на нивно големо разочарување, затоа што очигледно луѓето не само што не можат да ја знаат постапката и Деловникот на Собранието, туку помина доста време откога воопшто се зборуваше за тутунот во вид на закон во ова Собрание и на едно нивно изненадвување откако се очекуваше пред се Владата, преку својот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да каже неколку збора за она што се нуди, кое решение се нуди, кое решение се прифати и што се прифати воопшто од предлагачот, ние имавме овде интерпретација на еден лош македонски, така што никој ништо не разбра, а најмалку граѓаните. Значи, тоа е причина повеќе да кажеме поконкретно што се носи со овој закон.

И уште една работа, самата расправа почна со амандмани кои се прифаќаат, повеќето не се прифаќаат, се дебатираше по амандманите и јасна слика и јасна претстава по однос на законот тутунопроизводителите и граѓаните не добија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски во пет минути имате права дигресија, а дека овој закон стои на ВЕП страница веќе повеќе од 15 дена, затоа граѓаните кои се заинтересирани и специјално оние кои што работат по оваа проблематика имаат можност да го видат и секој член да го разгледаат. Затоа, не прифаќам ваков коментар. Ваше е сега д апоминете на текстот на законот, ве молам.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, значи јас објаснувам причини поради кои што се надоврзувам на она што вие го предложивте како претседател .

**Љупчо Јордановски:** Јас прифатив, ама вие веќе шестата минута објаснувате.

**Жарко Караџоски:** Јас ги кажувам само причините поради кои треба да се расправа. Ако тоа за вас е дигресија, ќе ги завршам и ќе поминам на текстот. Значи, да бидеме јасни, да не излезе сега дека некој сака да зборува и да продава демагогија, како што ќе слушнам после во репликите.

Што е суштината на овој закон. Сега немам намера претседателе член по член, некаде можеби ќе се осврнам на некој член, меѓутоа, сега во начело ќе ги коментирам сите членови на овој закон, во смисла на тоа која е суштината што ја нуди овој закон. Или, што е она поразлично што сега овој закон го нуди, за разлика од оној закон што го имавме од 1995 година па до денеска.

Значи, во Република Македонија првпат ваков закон за тутун се донесе 1995 година, или 1996 година. Не држете ме за збор, од прилика е тука. Еве ме корегираат тоа е 1996 година. Значи, првпат се регулира оваа материја во вид на закон далечната 1996 година пред цели 10 години. Суштината на тој закон беше тутунопроизводството или целата проблематика на тутунот се регулираше во вид на трипартитен однос. Или да неречам, договор во три страни.

Од една страна, имавме тутунопроизводители, од друга страна имавме откупувачи на тутун и од трета беше државата, односно Република Македонија преку своето Биро за стокови резерви и преку одредени одредби кои што тогашниот закон ги содржеше, во функција на еден трипартитен однос. Таквиот закон фигурираше и опстојуваше до денденес. Се констатира според некои дека проблемите на тутунопроизводството овие сите 10 години можеби ги продуцира токму законот. Јас ќе кажам дека не е само причина законот. Тој е најмала причина. Дали ги продуцира тој проблем на тутунопроизводството, или е нешто друго.

Овој закон кој што сега се нуди, разликата со претходниот и овој, сеуште актуелниот е тоа што овој закон не нуди трипартитен однос, туку исклучиво двостран. Значи, тутунопроизводството се категоризира во вид на двостран договорен однос. Од една страна тутунопроизводителтие, од друга страна откупувачите на тутун.

Новина во законот за тутун, според овој закон, а различно од претходниот беше, сега во една законска материја се сублимираат, односно се спојуваат две законски материи, а тоа е прометот, односно производството на тутунски производи и нивниот промет, што до сега не беше во Законот за тутун. Значи, основната намера на

досегашниот Закон беше како да се уреди производството, откупот и се она што подразбира од тој аспект, а додека тутунопроизводството, односно прометот на тутунските производи и нивното производство беше уредено со друг закон. Сега, тоа се сублимира во една материја, за да се дојде до некој заклучок дека еве имаме некаков поквалитетен закон.

Самиот факт што во суштина, овој закон има двостран однос, на две договорени страни, затоа и немаме којзнае какви одредби, освен што, овој закон упатува на тоа дека договорните страни треба да склучат договор, дека во тој договор треба да има такви и такви работи, дека имаат право едните да склучат, другите да раскинат договор, под кои услови, и т.н. , што е карактеристично за сите закони кои се занимаваат со една облигациона материја, или договорна материја каде што некакви посериозни или поголеми индикации од страна на државата во однос на оваа култура нема. Значи, се се сведува на двостран однос и она што според законот тие странки во тој двостран однос треба да го направат.

Јас морам да констатирам дека и покрај нашите заложби во вид на амандмани, дури и во таквиот двостран однос кој што овој закон генерално го профилира, испуштени се многу суштински одредби, кои што сметам дека имаше место да се најдат. Така, една од одредбите е да се утврди рокот на откупот на тутунот. Добивме образложение дека законот предвидува краен рок, односно 31 март и дека не е потребно да имаме некоја дефинирана одредба во законот за самиот почеток на тутунот. Ние се обидовме и во самата амандманска расправа да објасниме дека е потребно во законот да постои таква одредба, од проста причина што сите овие години гледаме една иста слика. Откупот на тутунот во Република Македонија секоја година доцни. И тоа оди до такви максимални граници ако не се здружат тутунопроизводителите и ако не направат протести какви што ние ги имавме односно имаме прилика да ги гледаме, се сомневам дека воопшто до март месец и ќе почнеше откупот на тутунот. Откупувачите секогаш имаат свои аргументи, тутунопроизводителите имаат единствен аргумент, тутунот го произвеле и бараат да биде откупен.

Меѓу овој закон и претходниот Закон, нема никаква разлика во делот на тоа дека помеѓу тутунопроизводителите и откупувачот треба да постои договор. И тогаш постоеше и сега се исти или слични одредбите дека сите права и обврски се утврдуваат по договор. Не е Шпанско село и не е измислица од тогашните одредби од Законот и од Договорот стоеше дека треба да биде предвидена цена, дека треба да биде предвидена количина на производство на тутун, дека се потребни оние картони што ги издава Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за парцели за производство, дека треба да се пријават за одреден рок и така натаму, што истото го содржи сега и овој закон. Суштинската разлика е, повторно ќе потенцирам почитувани колеги, во тоа што сега во овој закон државата се тргнува на страна. Нема ниту една одредба со која што ќе ја задолжиме државата Република Македонија да го стимулира и на некој начин да го гарантира производството на тутун, па и откупот и билокако на друг начин да помогне во смисла на она што значи тутун и тутунопроизводство. Едноставно се тргнува на страна и целата работа ја упатува на сметка на двете страни, односно откупувачот и тутунопроизводството.

Ако овој текст на законот го споредиме со претходните варијанти кои што ги нудеше Владата, зашто овој закон, морам да ве потсетам почитувани колеги ја носи судбината од 2002 година, па еве дури на крајот од мандатот дојдовме со некаква конечна верзија.

Многу се мислеше и самиот предлагач, премногу претумбации направи во тој текст и мислам дека ретко за кој закон се чека да остане толку време во самиот ресор, во Министерството за земјоделство, потоа во Владата и т.н., за еве дури на крајот на мандатот да дојде и да ја доживее судбината конечно да биде усвоен.

Што е разликата меѓу тие претходни текстови и овој сега што го имаме? Единствената разлика која што на овој закон му дава некаква позитивна конотација, односно да може да се оправда и да ги убеди овде пратениците на парламентарното мнозинство конечно да гласаат за овој закон, затоа што сигурен сум дека претходните верзии не беа повлекувани или одбивани заради тоа што тоа опозицијата го кажуваше, туку затоа што се кршеше позицијата. Значи единствената одредба или новина од сите претходни текстови е тоа што сега е кажано во членот 52, каде што конечно државата зема некаква обврска за субвенционирање во вид на такса или давачка изразена во кутија цигари во износ од 3 денари по кутија цигари. Тука се прават одредени проценки, се прават некакви математики и колку средства би се собрале од тоа, односно како истите би се употребиле. Тоа е единствената разлика од сите оние текстови кои имавме прилика од оваа Влада да ги видиме во сите 4 изминати години.

Што нудеа претходните верзии? Претходните верзии нудеа комплетна либерализација, дури и можност странски претрпијатија да откупуваат без никакви посебни услови кои тие закони ги нудеа. Значи, целта , правецот беше многу јасно трасиран, со една единствена заложба: Република Македонија како држава треба да се тргне од оваа култура и да ги остави тутунопроизводители заедно со откупувачите да се снајдуваат сами. Мораше да се изнајде форма и мораше да се изнајде начин како тоа да се направи, а да немаме реакција, како тоа да го направиме на безболен начин, ај да не речам со еден ефтин трик, така што од една страна ќе ги замаеме тутунопроизводителите, од друга страна овде пратениците при нивното гласање, а сепак да не заборавиме, одат избори. Токму трикот е тој кој што го кажав, трите денари по кутија цигари. И

овде почитувани колеги слушнавме жалопојки од група пратеници кои доаѓаат од истиот град од кој доаѓам и јас, со незнам какви пофалби и комплименти до премиерот, како да којзнае што измислил и кој знае што се сетил и направил за да најде конечно некое добро решение за тутунопроизводителите. Што е добро? Со тоа што ги поскапува цигарите за 3 денари. Секој во оваа држава не треба да биде премиер, не треба да биде дури ни министер за да му текне некоја работа, за да некому дадете нешто, но од друга страна да скусите. Во суштина, почитувани предлагачи, почитувани колеги, воведувате нова давачка, воведувате нов товар на граѓаните, навистина на пушачите, меѓутоа, сега судбината на тутунопроизводителите се доведува директно во корелација или во врска со самите пушачи, тие што пушат цигари, а оние што не пушат нема да даваат 3 денари по кутија цигари. Сега се поставува прашањето, ако ги ставиме на вага целата кампања, сите законски решенија кои ги нудиме во смисла да се намали штетноста од пушењето, кампањата за забрана на пушење на јавни места и т.н., кој е ефектот, во суштина за кој закон ќе навиваме, дали за овој закон, дали ќа бараме да се соберат повеќе средства во вид на таа давачка за да можеме да дадеме на тутунопроизводителите или ќе бараме односно ќе навиваме на некој начин што помалку да се пуши. Сега ако тоа е директно поврзано, ако помалку се пуши, помалку има промет на цигари. Ако има помалку промет, има помалку средства и прашање е, почитуван заменик министер, дали она што сте го проектирале овде како бројка од 750 милиони денари за оваа година, дали воопшто ќе се оствари. Тоа е фатаморгана, мислена именка затоа што не можете однапред да знаете кога проектирате, но тоа не значи дека така ќе биде.

Втора работа: на сите ни е јасно дека овде многу фалениот премиер, кој во два дена учејќи се математика јавно пред сите како дојде до 30 денари премија, сите го гледавме јавно, тоа беше дадено јавно на Македонска телевизија како премиерот како дипломиран правник и професор на фактултет се учи на математика и како набрзина ја најде цената 30 денари според некакви проценки кои му даваа за право тоа да го направи. Јас се обидов да го објаснам тоа и кога беше Информацијата за тутунот, но ќе се обидам уште еднаш да го објаснам. Имено, се прави математика на недонесен закон и второ, ако овој закон требало да оди по итна постапка, односно на итна седница, не ми е јасно и сега се прашувам зошто мораше да оди на итна седница. Ако го читате законот, ќе видите дека овој закон почнува да се применува од 1 јуни 2006 година и што ќе фалеше ако законот легнеше на редовната седница која е закажана за утре, 22 февруари. Јас гледам овде стои 1 јуни, а ако има некој нов датум ќе гледам да го корегирам. Мислам дека законот се применува од 1 јуни. Се извинувам, еве, овде стои од 1 мај 2006 година во член 71.

(Дофрлување од пратеник со зборовите "имаше амандмани")

Имаше 71 амандман и дали можеме сите да ги памтиме. Но тргнувам од тоа, на крајот на краиштата, оставете ги амандманите на страна, ова е почетна фаза. Владата кога ја правела сметката и премиерот кога ги правеше сметките, оваа дата била 1 мај, но дали во меѓувреме сфатил дека не може да ги собере, тоа е друго прашање, тоа значи потврда на она што јас го зборувам.

Значи, еве, не навлегувам во амандманите дали е 1 април или 1 мај, во суштина немало потреба да се оди со вакво брзање, туку можеше се да оди во нормална процедура. Самото тоа што датата сега не ми е јасна дали е 1 мај или 1 април зборува дека проценката не е јасна. Тоа е едната работа.

Втората работа: Ако ги земеме предвид сите овие компоненти за кои зборував, односно оние претходни закони за кои кажав, кампањата за штетноста на пушењето, забраната за пушење на јавни места и самата цена која се оптоварува, сега имавме поскапување од 15 денари на цигарите, сега ќе имаме уште 3 денари, во меѓувреме не чека донесување на закон за здравствена заштита каде што се предлага 0,25 проценти по цигара, тоа би дошло 5 денари по кутија, па се најавува закон за заштита на животната средина каде исто преку цената на цигарите треба да обезбедиме средства.. .

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, погледнете во левиот агол на вашиот пулт колку минути се напишани.

**Жарко Караџоски:** А што е битно, претседателе, тоа?

**Љупчо Јордановски:** Пишува. Јас ве сфаќам дека вие сте луцидни и интелигентни, на почетокот кога рековме јас сакам за се да зборувам оддеднаш за законот, но со сето тоа што го кажавте вие воопшто не зборувавте за текстот на законот. Итната седница не значи дека е прекршена процедурата и тука нема воопшто што да зборуваме за итноста, бидејќи тоа не е во рамките на текстот. Ако било толку итно, не знам зошто имаме 70 амандмани. Јас сакам мојот мандат да го завршам како принципиелен, како што бев и досега и затоа ве молам вратете се на текстот на законот, инаку, за 5 минути ќе ви го одземам зборот.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, цело време зборував за текстот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Воопшто не зборувате за текстот на законот и тоа е моја проценка, а мислам дека сум во право. Јавноста тоа го гледа.

**Жарко Караџоски:** Ако добро ме слушавте и следевте, зборував за цената, односно за субвенционирањето што со овој закон се воведува.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, господине Караџоски зборувавте 25 минути и 15 секунди за тоа.

**Жарко Караџоски:** Сега ако сакате да направиме пауза, па прочитајте ги стенограмите, што да ви речам друго.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, јас проценувам, имате уште 5 минути да кажете по кој член сакате да зборувате и да се изјасните зошто сметате дека тоа е така или не е така.

**Жарко Караџоски:** Јас зборував по членовите 50,51 и 52. Можеби е моја грешка што не ги цитирав па вие не можете да се снајдете во текстот. Меѓутоа, во основа цело време зборував за тие три денари по кутија цигари и зборувам дали некој може да ја предвиди врската, зборував за член 70 каде што . . .

**Љупчо Јордановски:** Јас не гледам дека во членот 51 и членот 52 е спомнат премиерот со неговите 30 денари и со неговата математика. Затоа, ве молам, држете се до законот.

**Жарко Караџоски:** Сега ако треба јас да се држам само да читам овде текстови, а да не зборувам - а што е страшно ако се спомне премиерот?

**Љупчо Јордановски:** Тоа е трета фаза, прва фаза беше тоа што вие сега го зборувате.

**Жарко Караџоски:** Што е страшно, ајде кажете ми, каде пишува во Деловникот дека јас не смеам да го спомнам премиерот, дали во прва фаза, во втора фаза или во законскиот текст. Објаснете ми зошто не смеам да го спомнам премиерот, зошто не смеам вас да ве спомнам. Најдете ми аргументи и во овој момент ќе прекинам и не дискутирам.

**Љупчо Јордановски:** Овде не е никаде напишана калкулацијата за 30 денари премија, еве го текстот.

**Жарко Караџоски:** Како не е напишано, направете ги сметките, па нели тутунарите очекуваат 30 денари од килограм, а овде имате од парче цигара.

**Љупчо Јордановски:** Не е напишано како премиерот пресметал, а вие тоа го кажавте.

**Жарко Караџоски:** Значи ние сега не треба овде да зборуваме, ништо не смееме ако се спомне премиерот. Јас не знам што е толку страшно.

**Љупчо Јордановски:** Не велам дали треба или не треба, вие спомнете го премиерот колку пати сакате, но зборувајте по текстот на законот.

**Жарко Караџоски:** Па по текстот на законот зборувам. Сега ако текстот на законот никаде не го спомнува премиерот, тогаш да не го спомнувам, тогаш ќе го повикувам министерот, ама кај да го најдам него? Според тоа, предлагач е Владата, значи премиерот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете.

**Жарко Караџоски:** Не знам што ви е задоволство секогаш кога јас ќе зборувам да ме прекинувате, навистина.

**Љупчо Јордановски:** Во две години прв пат се случува да ве прекинувам господине Караџоски. Јас знам дека е изборна година и затоа ве молам, барем вие се државте секогаш, вие ја имавте таа можност и тој талент точно да одите по текстот на законот.

**Жарко Караџоски:** Ама претседателе, навистина ми е незгодно да се расправам од говорница и да ве разубедувам за нешто што не сте во право. Ви кажав дека ќе правам споредба меѓу претходниот закон и овој.

**Љупчо Јордановски:** Не можете да правите споредба, вие можете да дискутирате за текстот на законот што е пред вас. Може да правите споредба со законот од 1959 година, го знаете? Јас го знам тој закон.

**Жарко Караџоски:** Немаше таков 1959 година.

**Љупчо Јордановски:** Јас го знам тој закон од 1959 година. Вие правите споредба со законот. Ве молам, зборувајте за законот кој е пред вас, бидејќи тоа е деловнички.

Јас прифаќам три дигресии, да се кажат некои општи ставови, но вие веќе 25 минути зборувате и покрај тоа што имам однос кон вас, ви давам толку многу време за трите дигресии. Зборувајте за текстот на законот, ве молам.

**Жарко Караџоски:** Јас не знам како разбирате да зборувам по текстот на законот, ајде објаснете ми како. Како вие мислите јас да дискутирам по текстот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Добро, ајде.

**Жарко Караџоски:** Не, не, навистина објаснете ми како.

**Љупчо Јордановски:** Јас го кажав своето, вие го кажавте своето, јас нема да ве прекинувам, продолжете, зборувајте, јавноста ќе го каже своето.

**Жарко Караџоски:** Објаснете ми, навистина, ќе чекам до крајот на расправата за да ми објасните како треба да зборувам по текстот на законот и во оној момент кога ќе ми објасните тогаш ќе се јавам повторно.

**Љупчо Јордановски:** Господине Апостолов, да се договориме за правилата на игра. Три дигресии по три минути, тоа се 9 минути, можете да зборувате што мислите во врска со тутунот, производството и се во врска со тоа, инаку ќе ве прекинам како не се држите до текстот на законот. Повелете.

Пред тоа, господине Караџоски, повелете процедурално да слушнеме што е тоа.

**Жарко Караџоски:** Во име на пратеничката група, претседателе, барам еден час пауза, а за тоа време да ми објасните во продолжението по Деловник и се она што имате како претседател како во иднина треба да зборувам од говорница. Сметам дека зборот не ми е одземен, јас сам прекинав.

**Љупчо Јордановски:** Не, на вас зборот не ви е одземен, тоа е точно, вие ја напуштивте говорницата.

Јас не можам да ви објаснам што е расправа по текстот на законот, јас не сум должен, а имам право да интерпретирам и тоа ви го кажав сега.

Давам половина час пауза, ако веќе барате пауза за тоа, но може прво репликата да ја слушнеме.

(Дофрлување на пратеник со зборовите: "После паузата")

Објавувам половина час пауза.

(Паузата отпочна во 16,16 часот)

(По пауза)

(Седницата продолжи со работа во 16,47 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Госпоѓо Топузова, имавте реплика? (Да).

Го молам господинот Караџоски да дојде, за да ја чуе репликата.

(Господинот Караџоски влегува во салата).

Повелете госпоѓа Топузова имате три минути за реплика.

**Роза Топузова-Каровска:** Благодарма претседателе.

Господине претседателе, јас нема да реплицирам на работите што ги искажа колегата Караџоски, само на почетокот тој кажа дека за него било неразбирливо зошто законот се носи по итна постапка. Јас за разлика од него сметам дека навистина беше неопходно овој закон да се донесе...

**Љупчо Јордановски:** Морам да ве корегирам, законот не се носи по итна постапка туку е закон ставен на дневен ред по итна постапка.

**Роза Топузова-Каровска:** Добро, ставен е на седница по итна постапка. Значи, јас за разлика од него сметам дека навистина беше неопходно овој закон да се донесе што е можно побрзо, затоа што само со законски решенија можат долгорочно да се решат проблемите со кои се соочуваат тутунопроизводителите, а меѓу другото и во точката 5 од Информацијата кажавме "Собранието ја задолжува Владата да го ажурира носењето на законот за тутун и во најсокоро време да го достави на Собранието".

На ова барање односно на оваа Информација покрај колегата Гешовски јас се потпишав и колегата Жарко Караџоски. Значи ова беше едно од барањата кои што ние ги доставивме и Владата го исполни барањето и што е можно во најкус рок го достави законот за тутун.

Не се согласувам дека не се решаваат проблемите на тутунопроизводителите. Времето ќе покаже, не велам дека можеби нема да излезат некои проблеми, да се наметнат, меутоа и со амандманите кои што се усвоени некои членови се подобрија во корист на тутунопроизводителите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Апостолов имате збор.

**Петар Апостолв:** Благодарам претседателе.

Почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Мојата дискусија повеќе ќе се однесува за ставот на пратеничката група на ЛДП, бидејќи доста се дискутираше за тутунот во претходните денови, посебно по Информацијата за состојбата со откупот на тутунот од реколтата 2005 година, а исто така и по самата амандманска расправа.

Во овој Предлог на закон за тутун три министерства се опфатени. И тоа Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое е одговорно за примарното производство и финансирањето на примарното производство, за откупот, сместувањето и обработката на откупениот тутунов лист.

Второ Министерство е Министерството за економија одговорно за прометот и производство на тутунот и тутунските производи, увозот, извозот и тн.

Третото е Минситерството за здравство одговорно за самите адитиви и некои други материи во тутуновиот лист.

Значи, секое од овие министерства со својот дел, а се она што значи примарно производство, па се до производството и прометот на тутунските производи чија цел е со донесувањето на единствениот закон да се овозможи поедноставна примена на истиот.

Кога сме кај тутунот и тутунопроизводството морам да укажам на еден многу важен факт за во иднина кој пред се се однесува и ќе се однесува за младите тутунари.

Имено, со приближувањето кон ЕУ посебно кога ќе станеме членка на ЕУ сите субвенции во оваа гранка постепено ќе почнат да се намалуваат затоа што тоа го налагаат и европските закони. Само еден практичен пример, во Република Бугарија која треба да биде членка во ЕУ во 2007 година субвенции за тутунопроизводството постепено ќе се намалуваат и во 2013 година тие ќе бидат потполно укинати. Значи, сите овие работи што ќе се случуваат кај нашиот источен сосед ќе се случуваат и кај нас кога ние ќе бидеме рамноправна членка во ЕУ. Затоа ние ќе треба да бараме решение навреме, односно преориентација на оние места каде што се произведува тутунот, преориентација за нови земјоделски култури и изградба на стопански капацитети кои во овие делови од земјата ќе бидат во функција за полесна трансформација.

Исто така мораме да нагласиме дека во овој претпоставувам 10-12 годишен период треба активно да бидат вклучени сите влади, локалната самоуправа и самите тутунопроизводители кои би ги користеле сите оние поволни кредити кои ќе бидат дадени токму за овие рурални средини, односно конкретни мерки за полесна трансформација.

Затоа Пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи овој Предлог на закон за тутун. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Апостолов.

Ставот на Пратеничката група на СДСМ ќе го изнесе господинот Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани членови на Владата, почитувани пратеници.

Конечно имаме закон во кој што сме сигурни дека ќе се решат во периодот што следи проблемите околу стимулриањето на примарното тутунопроизводство. Ова е еден сеопфатен закон, закон каков што ние баравме, голем дел од пратениците и преку Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и преку дискусиите во изминатите години во Собранието. Сите учесници во производството, откупот, сместувањето, обработката на суровиот тутун, во производството на ферметираниот тутун и во производството и прометот на тутун и тутунски производи да бидат опфатени и во исто време државата да не биде тргната на страна. Имаше претходни дискутанти кои необјективно ја информираат јавноста.

Државата преку своите, Државен инспекторат, Управата за јавни приходи и Министерството за економија, Министерството за финансии, преку Владата на Република Македонија е директно инволвирана во тој закон во насока на развој на тутунопроизводството. Тоа значи дека сите тутунопроизводители треба да знаат дека сите позитивни одредби од Законот донесен во 1996 година се оставени во насока на развојот на тутунопроизводството, а има и нови одредби кои одат во насока на подобрување. Јас само ќе набројам дел од тие одредби кои што се нови а се во насока на подобрување на примарното тутунско производство. Постоечките кои што одеа во полза на тутунопроизводителите се вметнати и постојат во тој Закон. Значи, нвно старвување дека овој закон не е подобар од претходниот, а и претходниот, донесен 1996 година не беше така лош. И тој беше донесен во времето на СДСМ, кога беше предожен од професорот Киро Докузовски. Сега имаме подобрување на тој закон и тоа ќе даде резултати и оваа година и во наредните години.

Имено, во членот 10 прифатена е забелешката од повеќе пратеници на пленарните дискусии дека откупувачите ќе мора целиот произведен тутун да го откупат според договорот со производителите за да не се случи одредена количина да биде откупена, или тој што е квалитетен тутун, додека дел од тутунопроизводителите да не биде откупен. Исто така и преработувачите, односно откупувачите се должни да го предадат целокупното производство.

Понатаму во членот 13 уважени се дискусиите особено во договорот да стои да се дефинираат начинот и откупот на произведениот тутун.

Овде е дадена можност на откупувачите сами да одлучуваат со кого ќе склучат договор. Не се обврзани да склучат договор со откупувачот од својот регион, туку со тие откупувачи кои што нудат најдобри услови. Тоа е пазарно и ќе биде во позитивна насока.

Во членот 27, сакам да потенцирам дека овде треба можеби во наредниот период да се решава, доколку праксата покаже како што во изминатиот период имавме проблеми.

Околу присуството на претставниците од здруженијата, нивното финансирање треба да оди од членарини од здруженијата, меѓутоа затоа што не се собираат доволно средства имаме проблем со плаќање на дневници на претставниците, а тоа е доста важно затоа што претставниците треба да бидат платени и да ги бранат интересите посебно на тутунопроизводителите.

Преку редовно плаќање на членарини тоа ќе биде решено и во функција на реална проценка е биде неминовно присуство на претставници на самите пунктови,

Најголемата позитивност во овој закон е главата со членовите од 50 до 56 која се однесува на финансирање на тутунопроизводството, финансирање на земјоделството и финансирање на промоција на извозот.

Овде мора да се каже јасно и гласно дека со овој закон секоја година, не само оваа година и не само за тутунопроизводството туку и воопшто за земјоделството ќе имаме прибрани средства во висина од околу 10 милиони евра кои што ќе мора Владата да ги насочи или за тутунопроизводство или за земјоделство. Тоа значи ако до сега имавме во изминатите седум-осум години во програмите за развој и поттикнување на земјоделството по 400, 500 или 600 милиони сега ќе имаме дополнителни 600 милиони за помош на земјоделството. Тоа е закон, кој закон ја обврзува Владата и тие 10 милиони евра според тој закон се обезбедени и за тутунарите и за земјоделците воопшто.

Контролата на спроведување, на пресметување на уплата на тие средства ја вршат државни институции и со тоа сме сигурни дека тие ќе си ја извршат таа работа затоа што казнените одредби за самите откупни претпријатија се високи, со одземање на лиценци и тн. и тоа гарантира исто така одржлив развој во примарното тутунско производство во нашата држава.

Од сите тие причини Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон и сигурна е дека тој ќе придонесе за развој на тутунопроизводството во нашата држава. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Насуфи не е тука.

Господинот Флоровски не е тука.

Господине Богдановски повелете.

**Сашо Богдановски:** Во секој случај благодарам на дадениот збор.

И јас сакам да кажам, неколку зборови во однос на законот во целина, иако е изгледно дека законот сепак ќе се донесе.

Сакам да споменам дека уште на почетокот на расправата, по амандманите беше предложено да се повлечат амандманите со цел да се донесе законот брзо, а не знам и зошто брзо затоа што овој закон ништо не регулира што е итно потребно

денеска и утре, освен што вградува можност за субвенционирање на тутунопроизводителите. Сепак, средатвата кои треба да се прибираат за таа намена пропишано е да бидат прибирани од 1 мај. Значи, немаше потреба од така брзо донесување на овој закон. Не знам зошто беше така пласиран овде.

Инаку, мој впечаток е дека законот во целина не е добар по многу основи, но јас ќе се задржам на две основи.

Имено, со овој текст на Предлогот на законот фактички се потврдува дека тутунопроизводителите во последните разговори со Владата беа буквално излажани. Ништо што беше таму ветено, ниту е исполнето, ниту е регулирано со овој закон. Беше ветено откупна цена од прилика од 145 до 150 денари засновано на ланската просечна цена и зголемувањето кое го имаше за минатогодишната реколта. Тоа ни случајно не може да се постигне. Тоа е јасно и на тутунопроизводителите и на преработувачите. Беше ветена премија од 30 денари. Во амандманската расправа се направи обид тие 30 денари како премија да бидат вметнати и да станат обврска за исплата на тутунопроизводителите 30 денари по килограм откупен тутун, но тоа се избегна и станува јасно дека не постои сигурност за исплата на тие 30 денари за оваа година. Од друга страна она што законот регулира за субвенционирање на тутунопроизводството воопшто не може да се предвиди која висина ќе достигне премијата по килограм тутун, затоа што наместо ветените 3 денари кутија цигари за тутунопроизводството законот предвидува од тие средства да се финансираат и останатите примарни земјоделски производи и звозот.

Беше ветено постојано присуство на инспекциските служби од страна на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство во функција на постојана контрола на квалитетот при проценката на откупениот тутун. Тоа не е случај воопшто. Постои Комисија која посетува во еден регион откупни места, н о никако перманентно присуство на таа Комисија.

Исто така беше ветено и не е остварено легитимно присуство на претставник на тутунопроизводителите вон составот на Комисијата,платен од Владата овој пат за да исто така се задржи квалитетот на тутунот при откупот.

Последно беше ветено отварање на откупните пунктови, и тоа се случи, беше анимирано започнувањето на откупот во Тутунскиот комбинат Прилеп. Тоа се случи, но во меѓувреме се затвораат другите откупни пунктови, од други откупувачи, не знам дали знаете, денеска веќе е престанат откупот во прилепскиот регион од страна на Струмица-Табак...

**Љупчо Јордановски:** Господине Богдановски првата дегресија заврши, продолжете по текстот на законот. Законот не е ветување, законот си е закон. Повелете продолжете.

**Сашо Богдановски:** Благодарам на укажувањето, но јас најавив дека зборувам во смисла на тоа дека овој закон не само што не ги остварува ветувањата, туку овој закон и не ги регулира тие барања на тутунарите, заради кои што и добија ветувања.

Но, да се вратам на текстот на законот.

После една голема надеж што беше брзото донесување на овој закон и наиме неговиот квалитет претставува втората причина за моето говорење.

Законот не одговори на основните барања и реагирања на тутунопроизводителите односно на недостатоците во целиот овој процес на тутунопроизводството и откупот од нивна страна. Ние овде слушнавме како се консултирани стручњаци од таа област и тутунопроизводители, но сепак останува фактот дека тутунопроизводителите не се задоволни во основа од три-четири работи.

Нивно лично барање и инсистирање беше да се вгради во законот почеток на откупот на тутун. Јас мислам дека на сите овде ни е јасно дека тоа е многу важна работа иако колеги дискутираа во правец дека тоа не е воопшто така. Јас тоа го разбирамј, разбирањето во моментот за одреден проблем завси на која страна во оваа сала се седи, но сепак тоа беше навистина непотребно побарување од тутунопроизводителите, значи дефинирање на почетокот на откупот. Тоа со овој закон не се регулира иако се направија неколку обиди со неколку амандмани.

Класификацијата на квалитетот на тутунот при неговиот откуп исто така е еден од основните проблеми кои тутунопроизводителите го истакнуваат. Направивме обид и тоа да се регулира со законот, но и тоа не е регулирано. Објаснивме дека со точката за класификација ќе се постигне поголема диференцијација меѓу класите и со тоа ќе се намали можноста за манипулација при проценката на тутунот, што дебело се користи од страна на откупните претпријатија.

И, понатаму останува можноста за тенденциозен избор на претставникот од тутунопроизводителите во разни комисии кои се наменети за дефинирање на класите на тутун и мустрите и комисиите кои работат при откупот на тутунот. И на крај воопшто ни одблиску не е прецизно дефиниран фонд за тутунопроизводството. На овој начин во законот во членот 52 односно во членот 50 е дефинирано дека три денари од кутија цигари ќе оди за некакви цели, но никако не значи дека тие средства одат за тутунопроизводството, односно ќе одат и за примарното земјоделско производство и за поттикнување на извозот, што е повторно огромно разочарување на тутунопроизводителите. Никој не спори дека треба да се поттикнува и останатото земјоделско производство и извозот на земјоделските производи но сигурно не е исполнето очекувањето на тутунопроизводителите со ова

решение кое остана во законот, иако и за ова се направија обиди да се измени.

Значи имајќи го сето ова во предвид во процесот не е обезбедена соодветна проценка на тутунот а со тоа ни соодветна откупна цена. Не е обезбедена ниту соодветна застапеност на тутунопроизводителите ниту пак сигурни средства за субвенционирање на тутунопроизводството. Значи во основа не решава ништо од она што беше истакнувано од страна на тутунопроизводителите како проблем и недостаток во досегашната рагулатива за оваа област. Сепак, мислам дека законот треба да се поддржи, а останува можноста некое друго парламентарно мнозинство, некоја друга влада со неколку измени на овој текст понатаму квалитетно да го подобрат овој закон за тутун.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Република Македонија во она што претставува усогласување на легислативата со Европската унија во делот на земјоделството повторно со овој закон според мене прави голема грешка во насока на донесување на изведени висечки закони кои што немаат поткрепа во фундаментален закон, или во неколку фундаментални закони во земјоделството, зборувам како стратегија. Така што овој закон е повторно еден изведен висечки закон кој што со тоа што е висечки има во себе противречности и едноставно не ја исполнува целта, односно нормирање на една реална област од живеењето на македонските граѓани, тоа е тутунопроизводството, откупот, преработката и воопшто целокупниот тој сегмент на нашето реално живеење. Значи, во тој контекст сметам дека повторно се оди во еден, би рекол неконтинуиран, несистематски и неконзистентен приод кон разрешување на проблемите. Логично беше овој закон да уследи после законот за земјоделство за кој што имаме сознанија дека се изготвува од Владата на Република Македонија, или барем логично беше да дојде на дневен ред после законот за земјоделство кој што беше предложен од страна на одредени пратеници тука во Парламентот, затоа што тој е македонскиот агрокод и тој закон содржеше би рекол основи, темели на кои што ќе се надградеше овој закон. Вака како што е тој донесен во себе содржи неколку, би рекол, крајно спротивставени работи. И ќе почнам од членовите 1 и 2. Бидејќи се работи за посебен закон како лекс специјалис необјасниво е зошто тогаш носиме ваков закон да го поништуваме тутунот како стратегиска култура за Република Македонија. Едноставно стратегиската димензија на тутунот иницира носење на ваков закон. Ние го бришеме дека тутунот е култура од стратегиско, круцијално значење за Република Македонија, тука можат триста збора да се додадат. Фактички со тоа ние одиме противречно зошто се носи ваков специјален закон за тутун, ако тутунот како таква култура која што тука во образложението се наведени на шест страни се кажува дека е од огромно значење за Република Македонија. А во првите два члена сакаме да кажеме дека тутунот е стратегиска култура за Република Македонија, што е. Не ми е јасно зошто таква противречност, зошто се бега од некои би рекол нормални работи кои што мора да се нормираат во сите закони во Република Македонија.

Потоа, во член 12 и 13 каде што се третираат договорите, склучените договори помеѓу откупните претпријатија и тутунопроизводителите. Требаше да се предвиди барем во договорите со сите производители да стои почетокот на откупот на тутунот, затоа што нелогично е после во член 23 да се кажува: тутунот ќе се откупува најдоцна до 31 март, а не се кажува кога ќе почне да се откупува тутунот. Која е логиката да нормираме кога завршува откупот на тутунот, а да не нормираме кога почнува откупот на тутунот. Мислам дека тоа е една нелогижност исто противречна сама по себе, затоа што ако веќе определуваме во член 23 дека тутунот се откупува најдоцна до 23 март, мораше да определиме во договорите кои што ќе ги склучеа откупните претпријатија да почнува откупот на 15-ти декември. Затоа што на таков начин државата создава еквилибриум помеѓу односите на тутунарите и откупните претпријатија. Вака сега ние на некој начин со овој закон ги фаворизираме откупните претпријатија, им дозволуваме да почнат со откупот тогаш кога тие ќе оценат. Дали земјоделецот повторно тутунар ќе треба да најде сместувачки простори, тоа да биде сува просторија, да биде на некој начин просторија во која ќе се спречи мувлосувањето на тутунот, нарушување на неговиот квалитет и на таков начин повторно се соочуваме со проблемот на отпочнување на откупот накаде 15-ти, 20-ти јануари што не е во полза на тутунарите. Тоа е во полза на откупните претпријатија. И после се чудиме зошто цената на тутунот ќе биде пониска. Па нормално, дел од тутунот ќе биде во голема мера со деградиран квалитет.

Исто така во член 12 и 13 имаше барем неколку амандмани, меѓутоа еден мене ми остана во сеќавање од пратеникот Ефтим Манев каде што се бараше гаранција за исплата на предвидената количина откупен тутун. Тоа е нормално. Секаде во светот ако сакате да работите ќе мора да покажете колку пари имате на сметката. Тоа е секаде во светот. И во Република Македонија за да извлечете пари од тековна сметка, мора да имате пари на тековната сметка, инаку нема да ви дадат како граѓанин. Така и претпријатијата, какви се тие претпријатија кои што тргнуваат во откуп на тутун, а не презентираат гаранција од деловната банка дека имаат два милиони, три милиони, пет милиони евра, дека имаат шанси да го откупат тутунот. Ниту едно претпријатие во соседните земји, или во Европа не може да тргне во откуп на било која земјоделска култура ако не покаже соодветна ликвидност, ако не покаже соодветна солвентност во почетокот на откупот на тутунот. И

тука е сериозноста на државата да ги заштити тутунарите. Ако тоа претпријатие обезбеди гаранција дали девизна, надворешна, дали внатрешна, тоа ќе биде повикано побрзо да го откупи тутунот и тогаш откупот ќе почне на први декември, затоа што ќе плати помалку камата и ќе сака да заврши што побрзо, ќе обезбеди повеќе пунктови и тоа ќе биде во корист на тутунарите. Вака без гаранција тие повторно роковите кои што ги предвидуваме да се почитуваат, дали се три, седум, триесет дена, низ тужбена постапка да ги остваруваат тутунарите. Тие немаат ниту можности, немаат ниту средства, нема ни да се потрудат тоа го остварат по тужбени барања по македонските судови. Значи, оттука недостигот на дефинирање на почетокот на откупот во член 12 и 13 консеквентно и во член 23 и недостигот на обезбедени гаранции за исплата на тутунот, банкарски гаранции би рекол се огромен недостаток за правилна примена во реалноста на овој закон.

Исто така, и во член 24 и член 25 каде што се спомнуваат мерилата за квалитет и квантитет при проценување на тутунот, како и мострите кои што треба да бидат истакнати по сорти и класи, мислам дека треба барем во образложението да стои како тоа мисли со овој закон Министерството да објасни како тоа ќе го направи, со што ќе се подобрат мерилата, на кој начин ќе бидат мострите подобрени, барем во образложението, бидејќи мора да се даде упатство, насока кога носиме некој закон одредени членови во што ги подобруваме. И тука мора да се каже дека мострата по типот, сортата "Прилеп" и "Јака" за квалитетна оценка на тутунот по класи ќе биде таква што правиот среден лист ќе биде рангиран во втора класа што овозможува директна проценка на тутунот, би рекол, многу повисока цена од она што се прави во досегашните периоди во изминатите години. Така што и тоа е противречно само по себе во сите овие членови кое што не укажува како овој закон ќе ги подобри мерилата при проценка, правилникот подоцна за единствените мерила и истакнување на мостри при проценка на квалитетот и квантитетот на тутунот.

И на крајот она што мислам дека е клучно што со овој закон се прави, исто ми е необјасниво, тоа е финансирањето од член 50 до 56. Се предвидуваат средства, тоа е во ред, тие средства се предвидуваат по произведена, или увезена цигара во висина од 0,15 денари по парче. Меѓутоа, не ми е јасно зошто во член 71 се кажува дека тоа ќе почне примената на надоместокот од 01.05.2006 година. Едноставно до тогаш можевме многу во овој период, многу работи околу овој закон да се надградат, овие нелогичности да се исправат, а пред тоа да ги донесеме двата претходни закона кои што му даваат логична осмисленост на одредбите на овој закон, тоа е законот за земјоделство и законот за поттикнување на земјоделското производство со финансиска поткрепа од државата, бидејќи таму ќе бидат наведени сите тие работи. Затоа сметам дека овој закон Земјоделската народна партија, односно не сметам, туку ние ќе го поддржиме овој закон само од една причина, од причина што тутунарите по она што како што изгледа сега единствена можност можат да добијат средства за премија се токму одредбите од член 50 до 56, иако задоцнети ќе почне од 01.05.2006 година да се смета надоместокот. Меѓутоа, тоа е единствена шанса за надминување на сиромаштијата и би рекол несоодветната положба на тутунските производители кои што не добиваат соодветна надокнада за својот труд, а државата е должна да обезбеди како рамномерно стопанисување на територијата на цела држава во сите стопански гранки и региони, исто така да обезбеди и општествена правда. Ќе го поддржиме, меѓутоа укажуваме на тоа дека овој закон веќе веднаш после неколку месеци мора да претрпи сериозни измени и дополнувања за сите овие сегменти за кои што говорев по одделни членови сигурно ќе биде предмет на предлози во иднина за измена и дополнување на овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Џевдет Насуфи.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине претседателе, дами и господа пратеници. Речиси пола месец се занимаваме со проблемот на тутунот, тутунопроизводителите и државниот извештај, или на Владата во врска со оваа земјоделска култура и со тутунопроизводителите. Мој впечаток е, вистина е, дека секоја влада кога се наоѓа во одредени тешки моменти и неприродно создава магла со цел да не се видат чистите цели и за жал по се изгледа дека малку, или повеќе една одредена магла и припаѓа и на овој закон. Зошто го велам ова? Фактички со протестите од тутунопроизводителите се создаде една напната состојба со доста причини и беше Законот за јавни собири кој фактички создаде една магла во земјава. Токму тутунопроизводителите беа тие кои што го провоцираа тоа, тутунопроизводителите го провоцираа и овој закон заедно со нивниот потенцијал воведен од крајната сиромаштија и од загрозеноста на нивната животна егзистенција. Јас не сакам претседателот да ми укажува во однос на дигресиите во мојава дискусија, бидејќи ...

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, вратете се на текстот на законот. Првата дигресија ви помина од три минути.

**Џевдет Насуфи:** Мислам дека дигресијата е во врска со вас, почитуван претреседателе. Вие некоректно ...

**Љупчо Јордановски:** На дневен ред е законот за тутун.

**Џевдет Насуфи:** Вие не сте точка на дневен ред, но вие морате да ја водите седницата како што треба.

**Љупчо Јордановски:** Јас ја водам како што треба, а тоа што вие не зборувате по текстот на законот.

**Џевдет Насуфи:** Зошто ценам дека законот е една повторна магла? Доколку тутунопроизводителите имаа право да протестираат, со овој закон тие имаат уште повеќе право да протестираат. Имено, поради причината дека одредбите на овој закон вистина е дека го регулираат прашањето на стандардите на производот, прашањето на квалитетот на производот, прашањето на некои други перформанси кои се во однос на еден единствен виден пазар, европски, перспективен пазар, но не регулираат многу други прашања кои се од животно значење за интересот на нашите граѓани. Затоа немате права во вашите дигресии, почитуван претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Вие сами забележавте, вие сами сте свесни дека не зборувате по точка на дневен ред. Според тоа, тоа е многу јасно и затоа вратете се на законот. Не зборувајте за магли и за облаци, ве молам дискутирајте за законот, односно за текстот на законот.

**Џевдет Насуфи:** Ако го видиме членот 6 од овој закон ќе забележиме дека законот дефинира кој може да се занимава со оваа дејност. Истовремено дефинира и кој може да врши откуп од аспект на слободен пазар. Ова е една дефиниција. Секоја дефиниција ја стеснува слободата. Затоа имам негативен став во однос на овој член.

Членот 8 ги опишува стандардите и не сум против стандардите кои се бараат. Вие треба да знаете дека Македонија е земја во транзиција и ние не можеме да ги применуваме со голема брзина европските стандарди и покрај големата волја што ја имаме. Јас се сомневам дека некој на производителите според овој член ќе им гарантира квалитетни сорти на тутун кои се адаптабилни, да речеме за европскиот пазар, или поширокиот пазар на тутунот. Понатаму, членот 13, сите правници знаат дека склучувањето на еден договор е слободна волја на две страни. Ова е регулирано со основниот закон, со основните одредби на Законот за обврзниците и тие одредби не можеме да ги иземеме, ниту со специјален закон.

Во овој случај тоа не дека е против уставно, не дека е против тие одредби од Законот за обврзници, облигациониот закон, но треба да се знае членот 13, според кој тутунопроизведителите ќе склучат договори со откупувачите на тутун. Тоа е обврска на овие две страни и државата не може да наметнува свои посебни правила, бидејќи тие можат да се договорат и поинаку. Може тие да се измамат меѓусебно. Во овој случај никогаш не може да се измами откупувачот на тутун. Секогаш ќе биде измамен тутунопроизводителот. Ние ја занеме нивната структура. Затоа, вака како што стои во овој член, не дава правна гаранција дека еден договор за откуп на тутун, ќе биде квалитетен, ќе биде во корист на двете страни, на крајот на краиштата така како што го сака, можеби и оваа Влада, или идната Влада. Затоа мислам дека членот 13 нема обврзувачки карактер, не може да се наметне, не е од правен карактер. Тоа е една одредба која зависи од волјата на двете страни. Едниот може да се согласи, но другиот може да не се согласи со овие одредби и нема сила да го принуди да постапи во согласно со член 13. Зошто е вака? Со овој член фактички предлагачот на законот и сам признава, со членот 19. Ќе го цитирам членот 19: "... и нејзиниот надомест кој настанува поради еднострано раскинување на договорот, се одговара според општите правила за одговорност на штета". Ве молам секоја страна може овој договор да го раскине и за надоместок на штета, ќе каже повелете, еве каде е судот. Ние имаме искуство со судовите и знаеме што значи една тужба за произведителот на тутун кој денес нема средства за да го осигура семето, а камо ли да покрене судска постапка, која за жал сега е доста скапа.

Финансирањето на тутунот не е во согласност со тоа што цениме дека тутунот треба да биде стратешки производ во Република Македонија. Поради икс причини го велам тоа, бидејќи на една голема маса од нашето население тоа му е и единствена дејност.

Од правен акспект членот 50 не гарантира дека, на крајот на краиштата, Владата ќе наплати доволно средства за да го стимулира тутунопроизводството. Тоа е факт што не може да се оспори. Второ, начинот на наплата и пласирањето на средствата во Буџетот на државата, не се гарантира дека овие средства ќе одат за намената која се утврдува или конкретно за тутунот. На крајот од краиштата тие средства влегуваат во една заедничка вреќа. Јас како поранешен член на Владата занм како се распоредуваат средствата, според проекти кои Владата ги гледа како примарни. Тоа можат да бидат други работи, а најмалку може да биде тутунот.

Престана откупот на тутунот во Македонија. Поголемиот дел од прилепксиот крај, опфакајќи ги селата Долнени, Црнилиште, Житоште, Лажани, Алтанци, има веќе една недела како не се откупува тутунот, а таму имаат по 1000 тони тутун, речиси секое село. Затоа одредбите од овој закон не го фаворизираат тутунопроизводството, туку во голема мерка го дестимулираат.

Господинот премиер го даде ветувањето за откуп на тутун до 160 денари по килограм, денес не се отукупува односно ниту еден килограм не е откупен по 160 денари. Целиот тутун е откупен по 120 или 125 денари. Ниту една премија не е платена. Пред три дена се случи ова и не го почитуваме. Јас се сомневам дека овој член ќе биде една гаранција во иднина тутунопроизводителите да се стимулираат од аспект на цената и ќе ја добијата ветената премија. Овде се зборува за стимулација, но ние не можеме да кажеме дека тоа е гарантирано со овој закон.

Симплифицирачки е и тоа дека наместо стимулацијата да биде надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, фактички откупот и

распределбата на средствата за оваа намена, ако можам условно да кажам, ќе зависи од согласноста на Министерството за финансии. Искуството говори дека Министерството за финансии 99% од случаите ги попречува ваквите намени, или распределбата на средства за овие намени.

Јас мислам дека од генерален аспект овој закон воспоставува едно правило во однос на стандардите на производството, на изгледот на кутиите со цигари кои се во согласност со меѓународните стандарди, воспоставува ред во однос на тоа кој може да сее тутун, утврдува што може да се сее, утврдува каде може да се сее. Сите овие се елементи кои ја ограничуваат слободата на произведителот. Не мислам дека треба да излеземе надвор од стандардите, но во услови во кои се наоѓа Република Македонија и во структурата на постоечкиот катастар барањето за да се пријават и парцелите каде ќе се сее тутунот, мислам дека е нешто крајно екстремно и непотребно. Напротив, овие стандарди, условно речено, со овој закон државата не гарантира откупот на тутуно дека ќе се направи на сигурен начин. Паралелно со тоа државата не ја гарантира ни цената на тутунот. Државата со овој закон не ја гарантира премијата и нивото на премијата. Државата тутунот не го прогласува за стратешка култура. За жал тоа говори дека Владата нема стратегија во агробизнисот, бидејќи и ветувањето за пченицата, за премијата која треба да се исплати, сега доаѓа наредната реколта, а се уште таа премија не е исплатена. Состојбата не е поинаква ниту кај произведителите на грозје, на млеко, итн. Затоа јас мислам дека овој закон заслужува една суштинска интервенција, едно суштинско дополнување во сите сегменти, освен тие што ги нагласив како позитивна страна во однос на стандардите и потребите што треба да ги исполни Република Македонија, треба да се дополни во контекст тоа што го реков, тутунопроизведителите да се осигураат дека тутунот ќе им се откупи, да се осигура цената која ќе се плати, во однос на откупот, да се осигура премијата, да се осигураат со тоа дека откупот треба да почен некаде во декември и на овој начин тутунопроизведителите да им ги дадеме потребните гаранции. Затоа е условено моето позитивно мислење во однос на овој закон, бидејќи има многу простор за негово дополнување.

Благодарам господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** И јас ви благодарам господине пратеничe.

Збор има госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Ќе се обидам сосема накратко да дадам видување на нашата пратеничка група за законот кој предизвика огромно влијание во јавноста во Република Македонија.

Целта за ставањето на овој закон на дневен ред, итно ставање на дневен ред, беше ветувањето кое го даде премиерот на тутунопроизведителите кои протестираа дека со законот за тутун ќе бидат решени проблемите кои ги мачат. Од таму тоа брзање да ни се предложи закон кој требаше да го донесеме итно, но закон во кој јасно е кажано дека неговото важење ќе почне од 1 мај 2006 година. Значи, нема логика брзањето, нема логика оправдувањето дека брзаме под итно да ги задоволиме барањата на тутунопроизводителите за да може да се нормализираат состојбите во сверата на тутунопроизводството.

Што ни нуди овој закон и дали барањата кои беа поставени пред Парламентот и пред Владата, се исполнуваат со решенијата кои се дадени во овој закон?

Основното барање за кое се наиде на заеднички став помеѓу Владата и претставниците на тутунопроизведителите беше, наместо 60 денари премија, да се исплати од страна да државата 30 денари премија. Оттаму се тргна во носењето на ова законско решение за да може конечно да се удоволи на тоа барање. Во исто време, покрај другите барања требаше да има претставници на тутунопроизведителите на откупните пунктови, за да не се манипулира со класите и проценката да оди на штета на тутунопроизводителите. Без оглед на тоа каков е квалитетот на тутунот, се одеше со неколку класи подолу и со тоа беа оштетени тутунопроизводителите и неможноста здруженијата да ги платат претставниците кои треба да бидат присутни на откупните центри, како проценители. Оттаму беше нивното барање државата да ги плати тие проценители за да не се манипулира од страна на откупувачите, со класите и со тоа да се оштетуваат тутунопроизводителите. Со законот, не го добивме ниту едното ниту другото барање, законто тоа не го гарантира.

Најпрвин ќе се осврнам на барањето да се даде премија од 30 денари и можноста парите кои се собираат од по една цигара, по 0,15 денари, да може да бидат користени за развој на тутунопроизводството. Наместо тоа, во законот добивме едно решение кое не гарантира никаква подршка на тутунопроизведителите, ниту пак гарантира дека тие 0,15 денари кои се дадени во овој закон, во делот за финансирање, кој требаше да се користи само за поттикнување на тутунопрозводството, сега се планира, овие пари што ќе бидат собрани, да се делат за поттикнување на извозот и тоа е дадено во проценти. Кажано е тука 10% од тие пари ќе се користат за потикнување на извозот, меѓутоа не е кажано за кој извоз, туку генерално е дадено за поттикнување на извозот 10% од овие пари. За другите 90% е кажано дека ќе се даваат за поттикнувње на тутунопроизводството и за поттикнување на примарнот земјоделско производство. Сега колкав дел од тие 90% ќе биде за тутунопроизводството, а колка дел ќе биде за примарното земјоделско производство, во законот ништо не е кажано. Оттаму сите пари што ќе бидат собрани во Буџетот на Република Македонија, со нив ќе управува Министерството за финансии и министерот за финансии, бидејќи тој е одговорен за Буџетот. Овде во Собранието

колку и да зборуваме за тоа дека парите треба да се дадат на тутунопроизведителите нема да бидеме послушани, знаеме како одат буџетските расправи и повторно останува дилемата дали воопшто, ветувањето што беше дадено од стана на премиерот дека 30 денари ќе се дадат на тутунот, дали тоа воопшто ќе биде исполнето, или пак ќе се искористи само еднократно за да се задоволат интерестите на тутунопроизводителите, некаде пред изборите да им се даде по 30 денари, меѓутоа да не се постигне никакво трајно решение, на проблемот со тутунопроизводството и со давањето на премија, бидејќи, повтроно ќе кажам нема фонд за тутун во кој ќе се слеат тие пари и да се знае дека тие пари ќе бидат искористени само за таа намена. Баравме со амандмани, овде жестоко дебатиравме неколку денови, во законот јасно да биде кажано дека 30 денари ќе се даде премија. Објаснувањата беа дека не може да биде утврдена сумата, бидејќи овде не се пишуваат суми, туку со посебни правилници тоа ќе се направи. Тоа ни беше кажано. Меѓтуоа, од друга страна, во членот 50, во ставот 3 е кажано, даден е веќе процент со кој од овие пари ќе се финансира промоцијата на извозот, значи се дадени 10-те проценти.

Јас не знам зошто, барем да се стави процент ако не 30 денари, процент од тие пари кои што ќе бидат искористени за примарното тутунско производство. Значи, апсолутно отсуствуваше волја и она што им беше ветено на тутунопроизводителите дека ќе биде направено, не се направи со овој закон и нема да биде постигната таа цел. Значи, не се гарантира апсолутно никаква сигурност во исплатите за тутунопроизводителите.

Сега, би почнала однапред што е тоа што инсистиравме уште во почетните членови во членот 8, јасно кажавме дека откупувачите се должни репроматеријалите, посебно семенскиот материјал и заштитните средства да ги обезбедат без надоместок на тутунопроизводителите. Наместо тоа, значи тоа не беше прифатено и скоро сите решенија кои што одеа во прилог на тутунопроизводителите, едноставно беа одбиени од страна на министерството и парламентарното мнозинство и остана впечатокот дека овој закон повеќе се носи да им се удоволи на откупувачите и да се регулираат нивните права, отколку обврските кон тутунопроизводителите. Самиот закон пак произведува огромен број на обврски на тутунопроизводителите. Од тие причини не можеме да кажеме дека носиме закон со кој што ги штитиме тутунопроизводителите или правиме некакво поттикнување на тутунопроизводството.

Понатаму, упорно инсистиравме на барање на тутунопроизводителите во членот 13 да биде јасно ставена нова алинеја со која што ќе биде утврден рокот на исплата на откупениот тутун. Кажавме да биде ставен рок, кој што не може да биде подолг од 15 дена. Овде ни беше укажано од страна на Министрството на пртставникот односно заменикот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, дека во моментов одат исплатите за седум дена и дека нема потреба да бараме рок до 15 дена да се става во законот дека ќе се вршат уплатите и да се остави еден слободен простор, бидејќи откупувачите си го почитуваат рокот од седум дена.Меѓутоа, состојбата на теренот е сосема друга. Повеќе од 25 дена тутунопроизводителите кои го имаат предадено тутунот, немаат добиено ниту денар. Јас незнам зошто се бегаше од ставање на обврска на откупувачите, значи јасно даден законски рок во кој што требаше да се направи нивна обврска да ги исплатат парите на тутунопроизводителите. И овде се даваа најразлични образложенија, меѓутоа, ниту едно не држи, бидејќи состојбата на терен е сосема поинаква. Тутунопроизводителите немаат добиено ниту денар повеќе од 25 дена. Понатаму, баравме јасно во членот 13 да се додаде уште една нова алинеја, со која што ќе се каже местото и датумот за отпочнување и завршување на откупот на тутун. Повеќе време овде се расправавме во Собранието дека како што е даден крајниот рок во законот за завршување на откупот, треба да биде даден и почетокот на откупот. Зошто се бегаше и од оваа обврска, значи обврска за откупувачите, јас навистина не можам да разберам, освен тоа дека ги штитиме откупувачите на сметка на тутунопроизводителите. Најголем дел од револтот беше оваа година заради тоа што тутунопроизводителите се одлагаше откупот и се судрија тутунопроизводителите со огромни обврски да го зачуваат квалитетот на она што го произвеле односно да н е се дозволи влагата да го уништи тутунопроизводството, да го уништи квалитетот, да поцрне тутунот и сето тоа да биде на штета на тутунопроизводителите. Наместо тоа, сега повторно оставаме еден широк простор кога ќе сакаат откупувачите тогаш да започнат со откупот, а тутунопроизводителите постојано да бидат неколку месеци во неизвесност и да зависат од добрата волја на откупувачите, кога тие ќе сакаат да почнат со откупот, а тие дотогаш да се снаоѓаат на кој начин ќе го заштитат сопственото производство од расипување. Значи, недопустливо беше да се штитат само откупувачите на сметка на тутунопроизводителите, а од друга страна пак да им ветуваме на тутунопроизводителите дека треба да се стрпат, бидејќи еве сега ќе донесеме закон за тутун и со него ќе бидат решени сите проблеми со кои што тие се соочуваа и сега и во минатото.

Понатаму, ќе се осврнам на член 18 и 19 во кои што е кажано дека може производителот и откупувачот еднострано да го раскинат договорот и се вели дека производителот има право да го раскине договорот ако за откупувачот има отворено стечајна постапка или е под стечај или е во ликвидација и дека тоа треба да го пријават во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое што тоа ќе го впише во картонот и ќе го завери со

печат раскинувањето на договорот и ништо повеќе. Меѓутоа, што со тутунопроизводителите кои што го имаат дадено своето производство кај овие откупувачи кои веќе отишле во стечај, а не им дале ниту денар. Се бегаше од обврската, нашето барање во членот 21 е јасно да биде ставена обврска за откупувачот. Покрај основните услови кои што треба да ги исполни за да откупува тутун, значи да има простор, опрема, стручни вработени, задолжително да биде ставено и банкарска гаранција, со цел да се обезбеди наплатата за производителите. Без ваква банкарска гаранција може откупувачот да си го земе производството на тутунопроизводителите да го откупи без да даде ниту денар и никој да не одговара за тоа и понатаму се упатува со членот 19 за надомест на штетата, која што настанува поради еднострано раскинување на договорот и се одговара според општите правила за одговорност на штетата.

Значи, тутунопроизводителите останале без ниту денар, цела година работеле без ниту скршен денар и во моментот кога треба да го видат резултатот од својот труд во рацете и да има со што да ги прехранат семејствата, тие сега треба да се впуштат во судски постапки и да бараат пари на заем за да можат да одат пред суд и да докажуаат дека некој им го зел нивното производство, а не им дал пари. Мислам дека навистина тоа е недопустливо. Овде, незнам зошто повторно се бегаше од оваа обврска.

Тоа го зборувам само да докажам дека овој закон ги штити само откупувачите, а не тутунопроизводителите.

Уште еднаш треба да размислат претставниците овде на Министерството и Парламентарното мнозинство дали треба да поиме овој закон. Ако барем малку мислиме на тутунопроизводителите, треба претставниците на Министерството да достават нови амандмани или пак да ги прифатат амандманите кои што беа отфрлени, нека дадат од име на Владата, но нека се подобарат законските решенија. Никој од нас нема против за да изгласаме еден ваков закон, бидејќи со тоа се создава некаква обврска, барем 0,15 денари да се слеваат во Буџетот на државата, а колку од нив ќе добијат тутунопроизводителите тоа е друго, меѓутоа, треба да се знае дека треба да се помогне, сериозно да се помогне на тутунопроизводителите да имаат некоја гаранција, барем оние кои ќе го дадат своето производство, а ќе се судрат со тоа, на пример, откупувачот да оди под стечај. Значи, задолжително да има банкарска гаранција, уште еднаш ќе повторам.

Понатаму, во членот 23 треба задолжително да биде ставен почетокот на откупот и тоа нема да го елаборирам. Во членот 25 исто така треба да биде ставена повторно банкарската гаранција и во членот 51, повторно ќе кажам, треба да се стави обврска кој дел од тие пари кои што се прибираат со тие 0,15 денари од цигари и 10 денари од пура во Буџетот на државата, значи кој дел од тие пари ќе биде наменет за тутунопроизводителите или пак да стави обврска 30 денари да изнесува премијата од килограм тутун. На тој начин ќе имаат некоја гаранција тутунопроизводителите дека ше дибијат некоја сатисфакција од нивниот труд.

Од тие причини уште еднаш ќе ги повикам претставниците на Министерството до крајот на оваа расправа за овој закон да се замислат дали овој закон нуди решенија кои што ќе бидат во прилог на тутунопроизводителите или не, да се замислат за банкарската гаранција, за почетокот на откупот, сето она што беше со денови наведувано од наша страна и заеднички да донесеме еден закон за тутун, кој што нема веднаш после неговото донесување да почнеме да го менуваме. Доколку не биде така тогаш ќе го изгласаме сите законот, ќе гласаме и ние за него, меѓутоа, уште во првиот момент кога ВМРО ДПМНЕ и коалицијата ќе дојдат на власт во Република Македонија, овој закон ќе биде променет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема никој пријавен за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

Колку што јас можам да забележам и да се сетам нема политичка партија, пратеничка група која што нема да го поддржи законот. Потрошивме три дена за расправа, па затоа ги молам тие што јавно изјавија дека ќе го поддржат законот, покрај забелешките, да дојдат.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеници гласале, 60 за, нема воздржан,двајца против.

Констатирам дека Собранието го доне Законот за тутун и тутунски производи.

Со тоа ја заклучувам 125-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Утре во 11,00 часот започнуваме со нова седница.

Ви благодарам на тоа што моите барања беа ислушани и завршивме на време.

(Седницата заврши со работа во 18,05 часот).